# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 23, БРОЈ 70, МАЈ, СКОПЈЕ 2025

70



25 ГОДИНИ

ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР

# ПОЛИТИЧКА МИСЛА

ГОДИНА 23, БРОЈ 70, МАЈ 2025, СКОПЈЕ

70

KONRAD ADENAUER STIFTUNG
25 Jahre

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis - Skopje

Издавачи:

Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија
Институт за демократија „Societas Civilis”, Скопје

Основачи:

д-р Ѓорге Иванов, м-р Андреас Клајн

„Политичка мисла“ - Уредувачки одбор:

| | |
|---|---|
| Даниел Браун | Фондација „Конрад Аденауер“, Германија |
| Ненад Марковиќ | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Иван Дамјановски | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија |
| Ханс-Римберт Хемер | Пензиониран професор по економија, Универзитет во Гисен, Германија |
| Клер Гордон | Лондонска школа за економски и политички науки, Велика Британија |
| Роберт Хислоп | Оддел за политички науки, Унион Колеџ САД |
| Ана Матан-Тодорчевска | Факултет за политички науки, Универзитет Загреб, Република Хрватска |
| Предраг Цветичанин | Универзитет во Ниш, Република Србија |
| Владимир Мисев | Меѓународен експерт за јавни политики и избори |
| Сандра Кољачкова | Фондација „Конрад Аденауер“, Република Северна Македонија |

Адреси:

ФОНДАЦИЈА „КОНРАД АДЕНАУЕР“,
„Ристо Равановски“ 8, МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3217 075 ; Факс: 02 3217 076
E-mail: Skopje@kas.de, Интернет: www.kas.de

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА “SOCIETAS CIVILIS” СКОПЈЕ,
Мирослав Крлежа 52-1-2 МК-1000 Скопје Тел./факс: 02 30 94 760,
E-mail: contact@idscs.org.mk Интернет: www.idscs.org.mk
E-mail: map@yahoogroups.com

Печат: Винсент графика - Скопје.
Дизајн и техничка подготовка: Пепи Дамјановски.
Јазична редакција на македонски: Елена Саздовска.

**Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер” и Институтот за демократија „Societas Civilis”, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот. Списанието се издава 2 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Северна Македонија и во Европа. Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.**

Година 23, број 70,
мај 2025, Скопје,
ISSN 1409-9853

# Содржина


ПЛАТФОРМА ЗА ДЕМОКРАТСКИОТ ДИЈАЛОГ
И ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ РАЗВОЈ 5

Даниел Браун
Сандра Кољачкова

КАКО СЕ СОЗДАДЕ СПИСАНИЕТО
„ПОЛИТИЧКА МИСЛА“ 9

Ѓорге Иванов

ПОЧЕТОЦИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА
„КОНРАД АДЕНАУЕР“ ВО МАКЕДОНИЈА 19

Андреас Клајн

ОДРЖУВАЈЌИ ГО НАСЛЕДСТВОТО
НА АДЕНАУЕР НА БАЛКАНОТ 27

Васко Наумовски

ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО: ДОЛГОТРАЈНАТА
И ПЛОДНА СОРАБОТКА МЕЃУ ИНСТИТУТОТ ЗА
ДЕМОКРАТИЈА И ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР“ 33

Марко Трошановски

ТИВКИТЕ ПАРТНЕРИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА: УЛОГАТА НА КАС ВО
ПРОЦЕСОТ НА ПОЛИТИЧКА ТРАНСФОРМАЦИЈА 41

Александар Спасеновски

УСТАВНОПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ДЕЈТОНСКИОТ
МИРОВЕН ДОГОВОР И УЛОГАТА НА ФОНДАЦИЈАТА 49

Стефан Андоновски




# 25 ГОДИНИ

# ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР

ВОВЕД

Даниел Браун
Сандра Кољачкова

# ПЛАТФОРМА ЗА ДЕМОКРАТСКИОТ ДИЈАЛОГ И ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ РАЗВОЈ

ПОЛИТИЧКА МИСЛА
70

Драги читатели,

Пред вас е 70-тото издание на „Политичка мисла“, списание кое обработува политичко-општествени теми. Вреден јубилеј за оваа периодика во македонскиот простор, чии содржини – цели 23 години – се видливи преку „нет“ насекаде во светот. Идејата за списанието „Политичка мисла“ се роди во градската кафеана „Пелистер“ во далечната 2003 г., по македонски терк на правење договори – како што милува да каже ценетиот професор, потоа претседател на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов – со намера да се направи обид за сериозно систематизирање на сознанието за развојот на политичката мисла во македонското општество.

Иако идејата беше родена по македонски терк, во кафеана, реализацијата и деталната подготовка на секој број се вршеше со германска прецизност и ефикасност од страна на фондацијата „Конрад Аденауер“, во тесна соработка со Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје и издавачката куќа „НИК Лист“, подоцна „Љубовта е петтиот елемент“. Од тогаш до денес сме сведоци на активна адаптација и промена на списанието „Политичка мисла“ што се обидува да ги следи тековите на времето и да одговори на актуелните предизвици. Од главно печатен медиум без многу боја, проследен со дигитална верзија, преминува во дигитално списание, визуелно впечатливо, проследено со печатена верзија. Од списание со точно одредени рубрики како портрети, рецензии, интервјуа, достапно само на македонската публика, до медиум кој прерасна во научно списание со меѓународен уредувачки одбор на македонски и англиски јазик, отворен за регионот и за светот.

Формата беше следена од содржината. Многумина автори почнаа да објавуваат свои трудови во „Политичка мисла“ како студенти, за денес да објавуваат во истото списание како професори, растејќи заедно, а сепак оставајќи простор во списанието за нови студенти. И токму тоа е предноста на „Политичка мисла“, доволно отворена за секој студент да се обиде да го наостри своето перо, а сепак списание во кое најеминентните професори на денешната македонска политичка мисла го наоѓаат просторот за објавување на своите трудови и ставови. Државници, професори, експерти, уметници од различни општествено-политички сфери секогаш со задоволство ја прифаќаа нашата покана да објават свои трудови во „Политичка мисла“.

Но, интересот на авторите би бил залуден доколку од другата страна не е верната читателска публика, која е најголемата причина за опстојување на списанието „Политичка мисла“ во изминатите 23 години. И во јубилејниот број ќе наидете на интересни содржини: претседателот д-р Ѓорге Иванов дава одличен приказ на времето и македонското општество кога се роди идејата за „Политичка мисла“, тоа е надополнето од аголот на Германецот и Македонец Андреас Клајн. Професорите Наумовски и Спасеновски, алумнисти на стипендиската мрежа на КАС, но и долгогодишни партнери, говорејќи за тивкиот партнер на

демократијата, фондацијата „Конрад Аденауер“, се навраќаат на одржувањето на наследството на Аденауер на Балканот. Марко Трошановски преку описот на долготрајната и плодна соработка помеѓу ИДСЦС и КАС успева да даде приказ на палетата на активности на Фондацијата во земјава и во регионот. Министерот Андоновски од академска перспектива зборува за уставноправните аспекти на Дејтонскиот договор и улогата на Фондацијата вообликувањето и поддршката на демократскиот политички развој на балканските општества.

Искрено се надеваме дека „Политичка мисла“ ќе успее да остане платформа на која ќе има простор за различни мислења, следејќи ја девизата на Аденауер: „Кога двајца секогаш имаат исто мислење, тогаш не ги бидува за ништо“, затоа што демократијата е соочување на различните мислења, а во политиката како дијалог на слободните се овозможува самооткривањето на сите и на секого.

Ваши

Даниел Браун,
официјален претставник на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Република Северна Македонија и
Сандра Кољачкова,
програмски менаџер во фондацијата „Конрад Аденауер“

КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Проф. д-р Ѓорге Иванов**

Претседател на Република Македонија (2009 – 2019). До 2009 година редовен професор по предметите Политички теории и Политичка филозофија на политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Полемика

UDC 050:32(497.7)"2003/ "
UDC 316.42:321.7(497.7)

Ѓорге Иванов

# КАКО СЕ СОЗДАДЕ СПИСАНИЕТО „ПОЛИТИЧКА МИСЛА“

Во 1999 година, кога се одбележуваа 10 години од „рушењето на Берлинскиот ѕид“, со група интелектуалци и студенти го создадовме Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество – ИДСЦС, кој подоцна се ребрендира како Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје – ИДСЦС. Институтот имаше за цел да пополни една празнина која се појави при транзицијата кон демократијата во Македонија. Да ја истражува, анализира, документира демократската транзиција. Да создаде простор за јавен дијалог и практична настава за најдобрите студенти од Политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“. За кратко време, Институтот стана партнер на многу меѓународни организации и фондации кои тогаш беа присутни во Македонија.

Според тогашните истражувања и направени анализи од Институтот, во првата деценија, кога се спроведоа три изборни циклуси, демократијата во Македонија формално постоеше, но во практиката беше засенета од корупцијата. Демократијата имаше слаб институционален капацитет, постоеја етнички конфликти во соседството кои ѝ се закануваа на Македонија и беше период на економска несигурност во целиот регион. Истражувањата на јавното мислење од страна на Институтот укажуваа дека довербата на граѓаните на Македонија во државните институции беше генерално ниска, што е карактеристично за транзициските општества. Како причини за тоа беа наведени економската несигурност, високиот степен на невработеност, корупцијата и слабата ефикасност на институциите.

Направените компаративни анализи, од страна на Институтот на сличните транзиции кон демократијата, укажуваа на одредена сличност, но и на одредени македонски специфичности. Како што забележал Адам Михник, во посттоталитарните општества, кога новиот систем ја наследува инфраструктурата на стариот режим без темелна трансформација, тоа не води до реставрација, туку до „гангрена“ на новиот систем. Оваа дијагноза е особено соодветна за Македонија во нејзината прва транзициска деценија. Наместо институционално раскинување со практиките на еднопартиското управување, новите елити ја наследија и продолжија логиката на партиска контрола врз јавниот апарат. Демократските институции беа поставени, но беа населени и управувани од истите бирократски манири – што резултираше со хронична недоверба, нефункционалност и имитација на плурализам без вистински натпревар или отчетност.

Истражувањата на политичката култура укажуваа дека демократската транзиција беше прифатена со фасцинантна брзина во Македонија, но и со површност

– карактеристика која може да се опише како „комплексот на Кундера“. Наследените институционални и културни шеми од еднопартискиот систем не беа демонтирани, туку рециклирани во нова форма, со што неподносливата леснотија на владеење преку клиентелизам, партизација и бирократска сервилност остана доминантна практика.

Иако анализите покажуваа дека внатрешните политички и институционални слабости беа пресудни во ерозијата на довербата во демократските институции, не може да се занемари и улогата на надворешните фактори кои дополнително го отежнаа процесот на консолидација на демократијата во Македонија. Регионалната нестабилност, особено војните во поранешна Југославија, создаде континуирана атмосфера на страв и политичка неизвесност, што го пренасочи фокусот од демократскиот развој кон безбедносните прашања. Понатаму, меѓународната изолација предизвикана од спорот со Грција за името, како и економската блокада од 1994 до 1995, го намалија капацитетот на државата да обезбеди резултати и стабилност, што дополнително ја поткопа легитимноста на новиот систем. Истовремено, отсуството на јасна и блиска перспектива за членство во ЕУ и НАТО го лиши процесот од важен надворешен поттик за реформи и одржување на јавна надеж во демократскиот пат.

Како клучен момент во речиси сите анализи и направени интервјуа беше посочена 1995 година. Тогаш, покрај сите наведени состојби и настани се случи атентат врз претседателот на државата. Атентатот врз претседателот Глигоров не ја сруши демократијата – но ја трауматизираше. Македонија ја задржа формата на демократски систем, но довербата беше нарушена. Истражувачките



и безбедносните институции останаа слаби. Политичката култура влезе во дефанзива. Тоа беше почеток на процесот каде што формата останува, но содржината на демократијата често се губи. Школски пример за псевдоморфоза[1] на демократијата.

Периодот меѓу атентатот врз претседателот Киро Глигоров во 1995 година и почетокот на вооружениот конфликт во 2001 година беше критична етапа во развојот на македонската демократија. Иако формално беше зачуван уставниот поредок, во заднина се развиваше една тивка, но темелна ерозија на институционалната култура и демократските стандарди. Централна улога во овој процес одигра создавањето на т. н. „сива зона“[2] , поддржана од општествени патологии[3], кои заеднички придонесоа за длабока недоверба во демократијата и државните институции.

Судството, наместо да биде последната линија на одбрана на правото и еднаквоста, стана симбол на селективна правда. Пресудите беа подложни на политички влијанија или економски интереси, а корумпирани судии ја загубија независноста. За граѓаните, ова значеше едно: законот не важи подеднакво за сите, што длабоко го поткопа коренот на демократијата – владеењето на правото.

Парламентот, иако формално функционален, беше сведок на партиска доминација и систематска маргинализација на опозицијата (од 1994 до 1998 речиси без опозиција). Закони се носеа без суштинска дебата, најчесто под притисок на извршната власт. Ова доведе до ослабување на контролната функција на законодавната власт и го претвори парламентот во потврдувач на однапред донесени одлуки.

Владата стана поле на клиентелистички мрежи, во кои економските интереси на блиски бизнисмени и партии беа главен приоритет. Неформални центри на моќ, често скриени зад легални позиции, го контролираа пристапот до буџетот,

1 Псевдоморфоза (од грчки: ψευδής – лажно и μορφή – форма) е минералошки феномен при кој еден минерал ја задржува надворешната форма на друг минерал, но неговиот хемиски состав и внатрешната кристална структура се изменети. Терминот е приспособен и во општествените и политичките науки од страна на германскиот историчар Освалд Шпенглер, особено во неговото дело „Залез  на Западот“ (Der Untergang des Abendlandes). Шпенглер го користи терминот за да го опише формалното прифаќање на западните институции во незападни општества, кои во реалноста продолжуваат да функционираат според сопствената традиционална логика и културни матрици.

2 Терминот „сива зона“ се користи за да го опише **просторот меѓу формално-правниот систем и неформалните, паралелни структури** – вклучувајќи: нелегални економии (шверц, перални на пари), тајни служби и наследени структури од УДБА, КОС, параполитички и паравоени мрежи, клиентелизам и партиски контролирани јавни ресурси, селективна правда.

3 Овој поим опфаќа **културни и психолошки девијации** кои се нормализираат: цинизам кон институции, апатија кај граѓаните, верување дека „ништо не зависи од мене“, нормализација на корупција, митото, партиското вработување, стигматизација на активизам и критика.

тендерите, концесиите. Извршната власт престана да биде сервис на граѓаните и стана приватизиран инструмент на елитите.

Наместо да го штитат јавниот интерес, голем дел од медиумите беа вклучени во пазарна манипулација и уредувачки диктати од страна на политичко-бизнис мрежи. Просторот за критика се стеснуваше, а независното новинарство беше маргинализирано. Последицата на тоа беше јавност која не добиваше објективни информации, туку спинови и политички спектакли.

Полицијата и службите за безбедност беа често злоупотребувани за следење на политички опоненти, наместо за заштита на јавниот ред. Се создадоа паралелни мрежи на следење и влијание, надвор од институционална контрола. Граѓаните почнаа да ги доживуваат овие органи не како заштитници, туку како потенцијални закани.

Во јавната администрација доминираше вработување преку партиски врски, што доведе до загуба на професионалноста и довербата. Институциите станаа инертни, со ниска ефикасност и не ги исполнуваа своите функции. Обичниот граѓанин продолжуваше заложник на административни апарати контролирани од партии, наместо субјект со права и услуги.

Сето ова создаде општество во кое формата на демократија постои, но суштината е изгубена. Граѓаните сè повеќе ја гледаа демократијата како игра на моќните, а не како систем што ги штити нив. Недовербата стануваше системска, а легитимитетот на државата кревок.

Оваа слабост беше еден од клучните предуслови за конфликтот од 2001 година: кога институциите не нудат легални решенија и заштита, се појавуваат алтернативни центри на моќ, вклучувајќи ги и вооружените групи.

Сивата зона не ја уништи Македонија преку насилство – туку преку суптилно гниење на институциите однатре. Демократијата, лишена од своите суштински вредности, остана како облик, но не и како сила. Само преку деконструкција на овие патологии и обновување на институционалната култура можеше да се гради стабилен и легитимен систем по 2001 година.

Во втората деценија од транзицијата (2001 – 2011), Македонија се соочи со предизвици во стабилизирањето и развојот на демократијата по вооружениот конфликт во 2001 година. Меѓународните организации и набљудувачи дадоа многубројни препораки за зајакнување на демократските институции и владеењето на правото. ИДСЦС активно се вклучи во многу од овие активности,

преку јавни трибини, обуки на новите пратеници во речиси сите партии, истражување на јавното мислење, Школата за демократија...

Според Националниот извештај за човековиот развој на УНДП од 2001 година, кој вклучува анкета спроведена во декември 2000 година врз репрезентативен примерок од 1.199 испитаници, довербата во институциите беше следна: Највисока доверба имаа Армијата и Црквата, кои беа перципирани како стабилни и надвор од дневно-политичките влијанија. Најниска доверба имаа политичките партии, судството и полицијата, кои беа перципирани како корумпирани и неефикасни.

Овие резултати беа идентични со истражувањата на јавното мислење направени од ИДСЦС во тој период.

Македонија се соочи со огромни предизвици во стабилизирањето и развојот на демократијата по вооружениот конфликт во 2001 година. Охридскиот рамковен договор, потпишан во август 2001 година, беше клучен за завршување на конфликтот и поставување на основите за мултиетничка демократија. Меѓународната заедница, вклучително и ЕУ, САД и ОБСЕ, инсистираше на целосна имплементација на Договорот. Организации како „Фридом хаус" и „Амнести интернешенал" укажаа на потребата од реформи во судството, зголемување на транспарентноста и борба против корупцијата. Иако имаше напредок, проблемите со политичко влијание врз судството и неказнивост останаа присутни. Меѓународните набљудувачи изразија загриженост за слободата на медиумите, особено поради политички притисоци и ограничувања врз новинарите. „Фридом хаус" го оцени медиумскиот амбиент како „делумно слободен", укажувајќи на потребата од поголема независност и професионализам во медиумскиот сектор.

ЕУ играше клучна улога во постконфликтниот период, обезбедувајќи финансиска и техничка помош за имплементација на ОРД и реформи во јавната администрација. Исто така, ЕУ беше активна во мониторингот на изборите и поддршка на процесот на евроинтеграција. САД, преку УСАИД и други програми, обезбедија значителна помош за реформи во судството, образованието и економскиот развој. Исто така, САД беа активни во поддршката на безбедносниот сектор и борбата против организираниот криминал. НАТО спроведе операции како „Килибарна лисица" и „Сојузничка хармонија" за стабилизирање на безбедносната ситуација и поддршка на имплементацијата на ОРД. Овие мисии беа од суштинско значење за одржување на мирот и спречување на нови конфликти.

Главните политички партии, како ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, имаа значајна улога во политичкиот процес. Иако имаше периоди на соработка, често доминираа политички тензии и недоверба, што влијаеше врз стабилноста на институциите. Невладините организации и граѓанските иницијативи беа активни во промоција на човековите права, транспарентност и учество на граѓаните во демократските процеси. Сепак, тие често се соочуваа со ограничувања и недоволна поддршка од институциите. Претседателот Борис Трајковски играше клучна улога во постконфликтниот период, промовирајќи дијалог и помирување меѓу етничките заедници. Неговата посветеност на имплементацијата на ОРД и евроатлантските интеграции беше призната од меѓународната заедница.

Македонија направи значителни чекори кон стабилизација и развој на демократијата, но останаа предизвици во однос на владеењето на правото, слободата на медиумите и политичката култура. Меѓународната заедница продолжи да игра важна улога во поддршката на реформите и интеграцијата на земјата во евроатлантските структури.

По вооружениот конфликт во 2001 година, Македонија влезе во нова фаза на демократска транзиција. Меѓународната заедница, како што беше укажано, одигра клучна улога во стабилизирањето на политичкиот систем, а меѓу највлијателните актери беа германските политички фондации. Фондацијата „Фридрих Еберт“ (од 1996 год.) и фондацијата „Конрад Аденауер“ (од 2000 година) преку своите канцеларии во Скопје спроведуваа низа активности кои придонесоа кон развојот на демократската култура, институционалната стабилност и приближувањето на Македонија кон Европската Унија.

ИДСЦС активно беше вклучен во активностите на ФЕС, пред сè во проектите за градење на демократска политичка култура преку семинари, обуки и едукација на млади лидери, обуки за политички менаџмент. Преку Регионалната канцеларија во Софија, која ги покриваше Бугарија и Македонија, соработуваше со „Фридрих Нојман Штифтунг“ во промоција на либералната демократија, владеење на правото, слобода на медиумите и иновации преку едукација, политички дијалог и поддршка на јавни политики.

Во 2002 година, во организација на ИДСЦС и Политичките студии се организира една јавна трибина на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. На настанот, за првпат заедно присуствуваа сите германски политички фондации кои тогаш беа активни во Македонија. Се разговараше за дотогашните искуства, за заедничките проекти и проекции за идната соработка. По завршувањето на настанот, Сандра ме запозна со Андреас, директорот на КАС, и побараа заедничка

средба. Вообичаено, за балкански прилики, се најдовме на терасата на градската кафеана „Пелистер“. Андреас ме запозна со дотогашната работа на КАС и искажа желба за соработка со ИДСЦС, каква што веќе ја има со другите германски политички фондации. Средбата заврши со договор за основање на политичка академија на КАС, на која би се промовирале демохристијанските идеи и проекти и создавање списание кое би ги обработувало на академски начин темите кои ги промовира КАС. Договоривме втора средба во просториите на КАС, за да ја осмислиме и разработиме идејата за списанието. На таа средба се согласивме за името на списанието, неговиот изглед, форма, содржина и концепција. Постигнавме согласност за листа на теми кои би биле главна тема на идните броеви од списанието. Воведот во главната тема да го пишуваме наизменично, еднаш јас, другиот пат Андреас.

Упативме повик за соработка до угледни автори во земјата и странство и почнавме со издавањето на списанието во март 2003 година. Сè друго потоа е историја, документирана и архивирана во 70 броја на списанието „Политичка мисла“.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Андреас Клајн**
студирал политички науки, современа историја и ибероромански филологија на Универзитетот во Бон, како и интеркултурна комуникација на Универзитетот во Јувескиле, Финска. Од 2000 година, Андреас Клајн работи за фондацијата „Конрад Аденауер“, и во Германија и во странство; меѓу другото, тој раководеше со канцелариите на Фондацијата во Скопје, Македонија, и Рига, Латвија, како и со образовните форуми во Диселдорф и Хамбург. Од 2016 до 2022 година ја водеше канцеларијата на Фондацијата во Чиле. Од јуни 2022 година, Клајн е одговорен за Регионалната програма за политички дијалог со Азија, со седиште во Сингапур.

Полемика

UDC 061.27:32(430:497.7)"2000/ "

Андреас Клајн

# ПОЧЕТОЦИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР“ ВО МАКЕДОНИЈА

Кога за првпат патував во Македонија кон крајот на летото 1999 година, сѐ уште постоеја две конкурентски македонски авиокомпании, пушењето беше дозволено во задниот дел од авионот, претседател беше Киро Глигоров, а земјата официјално се нарекуваше Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ). Распадот на Југославија, кој кулминираше со војни на тие простори од 1991 до 1995 година, се случи само неколку години претходно. Најновата војна, онаа на Косово – во рамките на распаднатата Југославија – која траеше од март 1998 до јуни 1999, фрлаше мрачна сенка врз регионот.

Во летото 1999 година, му помагав на кандидатот за градоначалник од ЦДУ, Хелмут Штал, во неговата изборна кампања во Бон, кога добив повик од пријател, член на ЦДУ. Бараа политички научник за краткорочен ангажман во (поранешната Југословенска) Република Македонија од септември до ноември, за изработка на студија за општествените сили што ја обликуваат малата балканска република. Заднината на задачата беше претседателската изборна кампања, во која – по повлекувањето на основачот на независната Република Македонија, Киро Глигоров – се насетуваше генерациска и политичка промена. Нарачателот беше Канцеларијата за координација на германската помош во Македонија, наречена едноставно „Канцеларија Колбо“, според Валтер Колбо, специјален пратеник во германското Министерство за одбрана.

Еден ден по локалните избори во Северна Рајна-Вестфалија, на 13 септември 1999, се качив на лет на „Авиоимпекс“ од Диселдорф до Скопје. Првите ноќи ги минав во хотел „Континентал“, веднаш до Скопскиот саем. Во тоа време, како и поголемиот дел од градот, хотелот сѐ уште ја носеше социјалистичката патина од распаднатата Југославија. Со олеснување се преселив во стан на улицата „Миле Попјорданов“, од каде што ја започнав мојата работа.

Секој ден, со помош на Марија, преведувачката обезбедена од Канцеларијата Колбо, ги посетував различните граѓански организации, вклучувајќи тинк-тенкови, организации на жени, црковни институции и политички партии. За време на една од овие средби, се сретнав со претседателскиот кандидат од национално-конзервативната партија ВМРО-ДПМНЕ, Борис Трајковски, заедно со неколку млади членови на партијата. Во следните недели често ја посетував партиската централа и бев поканет да го придружувам кандидатот и неговиот изборен тим на различни настани низ земјата. Во тие недели добив интензивен курс по македонската историја, политика и култура. Собрав многу материјал за мојата студија, која навремено ја предадов на Канцеларијата Колбо на крајот

од престојот. Покрај тоа, ја запознав земјата и нејзините луѓе на прекрасен и интензивен начин и стекнав пријатели за цел живот.

По два месеца, мојата прва задача во Македонија заврши во средината на ноември. Со многу убави спомени и цврста намера дека ова нема да ми биде последна посета на Балканот, се вратив во Бон. Таа желба ми се исполни побрзо отколку што очекував.

Два клучни настана за време на мојот краток престој во Македонија беа пресудни за мојот понатамошен професионален и личен пат. Едниот беше интензивното време поминато со претседателскиот кандидат Борис Трајковски, кој во тоа време беше заменик-министер за надворешни работи на својата земја. Вториот беше средбата со Јозеф Грубер, тогашен директор на претставништвото на фондацијата „Конрад Аденауер“ за Бугарија и Македонија, со седиште во Софија.

Јозеф Грубер патуваше неколкупати годишно од Софија во Македонија за да одржува контакти со проектните партнери и подобро да ги процени локалните политички случувања. За време на една од тие посети, му бев претставен како краткорочен експерт од Канцеларијата Колбо. Господинот Грубер објасни дека германските политички фондации планираат да ја прошират својата проектна работа во земјите од поранешна Југославија, како дел од Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, инициран од германскиот министер за надворешни работи, Јошка Фишер. Дотогаш, фондацијата „Конрад Аденауер“ имаше само регионална канцеларија во Сараево од 1997 година, а беа во подготовка канцеларии во Загреб, Подгорица и во Скопје.

Моите два месеца теренско истражување во Македонија се докажаа како корисни кога аплицирав за новообјавената позиција на претставник на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје. Апликацијата секако беше и поткрепена со фактот што бев стипендист на фондацијата за време на моите студии по политички науки на Универзитетот во Бон. Ми ја понудија позицијата почнувајќи од 1 февруари 2000 година.

По тримесечна подготовка во седиштето на фондацијата – тогаш лоцирано во Санкт Августин, близу Бон – заминав за Југоисточна Европа на 2 мај. Моите куфери беа само малку пополни од првото патување осум месеци претходно, со значајна разлика: овојпат немав повратен билет.

Мојата задача започна со двонеделна ориентација кај мојот колега Јозеф Грубер во Софија. Кратката, но интензивна обука со овој искусен директор на КАС беше

клучна за мене како млад професионалец и продолжи да влијае на мене до денешен ден. До средината на мај пристигнав во Скопје и изнајмив соба во мал семеен хотел во подножјето на Водно. Подоцна го воспоставив мојот „домашен штаб“ на улица „Јуриј Гагарин“.

## ОСНОВАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА КАС И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Веднаш воспоставив врска со контактите од мојата прва посета, имено со преведувачката Марија и возачот, пријател и советник Енвер. За неколку недели најдов три посветени колешки – Сандра, Љупка и Муна – на кои подоцна им се придружи Давор. Како и јас, беа млади, полни со ентузијазам и решителност, подготвени на ризик, со желба да учат од грешките и со страст и посветеност да изградат солидна инфраструктура. Заедно започнавме проекти кои и денес се составен дел од активностите на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Македонија. Тоа вклучуваше и зајакнување на врските со Борис Трајковски, кој на 14 ноември 1999 беше избран за претседател на Република Македонија, како и унапредување на соработката со ВМРО-ДПМНЕ, сестринска партија на ЕПП.

Набргу по моето пристигнување во Скопје во мај/јуни 2000 година, побарав средба со претседателот Борис Трајковски, која брзо беше одобрена. Го поканив на официјалното отворање на канцеларијата на КАС во Скопје на 21 септември 2000 и да биде главен говорник – што со задоволство беше прифатено. Свеченото отворање на фондацијата „Конрад Аденауер“ во хотелот „Александар Палас“ беше голем успех. Д-р Петер Вајлеман, раководител на Меѓународната соработка на КАС, допатува од Санкт Августин за настанот. Од тој момент, Македонија официјално стана дел од глобалната мрежа на КАС, а фондацијата „Конрад Аденауер“ стана значаен актер во јавниот живот на земјата – вистинска придобивка за обете страни.

Од самиот почеток, нашата проектна работа се темелеше на четири столба:

1. Промоција на млади политички лидери,
2. Зајакнување на локалната самоуправа,
3. Приближување на Македонија кон ЕУ,
4. Подобрување на социјалната кохезија.

Иако целите беа приспособувани согласно промените во опкружувањето, основната насока е главно останата иста.

Од 2000-та година, Македонија мина низ значајни политички и општествени промени. Сепак, вооружениот конфликт помеѓу бунтовничките групи и македонските безбедносни сили во 2001 година претставуваше еден од најтешките моменти – настан што го доживеав од прва рака. Преку соработката со кабинетот на покојниот претседател Борис Трајковски, КАС поддржа многубројни иницијативи насочени кон надминување на општествените поделби. Заедно со проф. Ѓорге Иванов, кој подоцна стана претседател на Република Македонија, го развивме концептот за академија која ќе ги промовира и обучува младите политички таленти. Одличен проект кој и денес продолжува да идентификува извонредни млади луѓе и да ги воведува во политиката. Оваа година успеав да изградам мост помеѓу мојата сегашна локација во Сингапур, од каде што ја раководам Школата на Конрад Аденауер за млади политичари (KASYP) како регионален претставник на КАС за Азија, и Македонија, кога во 16-тата генерација на програмата KASYP во Куала Лумпур пречекав двајца млади политичари учесници од Македонија. Иако Македонија по својата географска положба и ограничени ресурси природно е ориентирана кон Европа, истовремено вреди да го прошири својот видик и кон Азија, од каде што може многу да научи од азиските „тигри“, особено од Сингапур. Лично, би сакал оваа врска уште повеќе да се продлабочи.

Вториот долгорочен проект кој ми е особено драг е политичкото списание „Политичка мисла“, со кое КАС и Институтот за демократија заедно со неговите автори се обидуваа и сè уште се обидуваат да придонесат во политичката дебата во Македонија. И тука, главната цел е да се понуди храна за размислување, да се слушаат различни мислења и да се поттикнуваат јавни дебати. Фактот што ова списание годинава слави 23 години постоење ме исполнува со гордост.

## ЕВРОПСКИОТ ПАТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Тогаш, како и сега, цврсто верувам дека европскиот пат на Северна Македонија е единствениот начин да се обезбеди трајна стабилност за земјата и регионот, водејќи кон просперитетна иднина. Тогаш, КАС поддржуваше проекти кои промовираа одржлива европска интеграција, во соработка со, на пример, Радмила Шекеринска, која тогаш беше заменик-премиер за европска интеграција, а сега е заменик генерален секретар на НАТО, како и со нејзиниот наследник д-р Васко Наумовски,

кој од самите почетоци ја придружуваше работата на КАС во Македонија. Други важни партнери беа Центарот за европски интегративни студии (ZEI) при Универзитетот во Бон, каде што неколку идни македонски политички лидери добија дел од своето европско образование со стипендии овозможени од КАС. Клучен партнер беше и Институтот за меѓународно образование CIVIC во Диселдорф, кој во изминатите 25 години запозна повеќе генерации македонски студенти со основите на европските вредности. Дополнително, програмите за размена помеѓу македонски и грчки студенти во регионот на Охрид и Солун придонесоа за меѓукултурно разбирање, историска рефлексија и заемно почитување помеѓу двете соседни нации. Покрај гореспоменатите проекти што останаа длабоко во моето сеќавање се и проектите и соработката со Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ) од Тетово и тесната соработка со Европското движење.

Меѓу најзначајните и најпредизвикувачки политички одлуки во историјата на земјата беше решавањето на спорот со името со Грција во 2019 година, кога земјата официјално стана Република Северна Македонија. Ова го отвори патот за членство во НАТО во 2020 година, зајакнувајќи ја геополитичката безбедност и поттикнувајќи економска и стратешка соработка со западните држави. Истовремено, Северна Македонија останува посветена на приклучувањето во Европската Унија, спроведувајќи многубројни реформи од својата кандидатура во 2005 година со цел да го унапреди процесот на пристапување. Усогласувањето со европските економски структури и адаптацијата на законските и административните стандарди остануваат клучни приоритети на владата. Економски, земјата има напредок. Приватизацијата на државните претпријатија, поттикнувањето странски инвестиции и развојот на инфраструктурата придонесоа за раст. Но, и понатаму остануваат многу предизвици. Иселувањето на младите – тогаш, како и сега – е само еден од нив. Сепак, Северна Македонија продолжува да покажува извонредна адаптабилност и јасна посветеност на напредокот.

Во сето ова, верувам дека фондацијата „Конрад Аденауер“ одигра значајна улога. На лично ниво, моите искуства за време на четиригодишниот престој во Скопје длабоко го обликуваа мојот живот. Од првиот ден, народот на Македонија ме пречека мене и КАС со отворени раце и срца. Искрено се надевам дека успеав да вратам барем мал дел од таа отвореност преку искрена и посветена работа.

Исполнет сум со благодарност. Ми беше чест.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Д-р Васко Наумовски**
е професор по меѓународни односи и дипломатија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предава предмети поврзани со областите на меѓународни односи, европска интеграција и дипломатија, и е раководител на докторската програма по меѓународни односи. Дипломските, магистерските и докторските студии ги завршил на истиот универзитет, а има и магистратура од Универзитетот во Бон, Германија. Наумовски беше заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања (2009 – 2011) и амбасадор во Соединетите Американски Држави (2014 – 2018).

Полемика

UDC 061.27:32(430:497.7)(083.9)
UDC 061.27:32(430):341.171(4-672ЕУ:497.7)

Васко Наумовски

# ОДРЖУВАЈЌИ ГО НАСЛЕДСТВОТО НА АДЕНАУЕР НА БАЛКАНОТ

ПОЛИТИЧКА МИСЛА

70

Општествено-политичкиот развој на македонската држава од нејзиното осамостојување во 1991 година вклучува повеќе процеси кои ја обликуваат во контекстот на демократизацијата, економската стабилизација, модернизацијата и реформите потребни за нејзината европеизација. Билатералната поддршка што државата ја добива(ше) на тој пат од државите-членки на Европската Унија е значаен сегмент во нејзиниот раст, при што предничи поддршката од СР Германија, на различни нивоа и во различни области. Промените кои ги одбележаа 90-тите години од минатиот век имаа за цел да ја подготват државата за новата фаза во нејзиниот историски развој, особено во поглед на институционалните реформи, постоењето на политички партии засновани на нови идеологии, модернизацијата на образовниот систем, создавањето на граѓанскиот сектор, независноста на медиумите, и повеќе други области.

Меѓу низата на ентитети кои имаа за цел да ги поддржат сите овие процеси, несомнено е дека фондацијата „Конрад Аденауер“ успеа да се профилира како уникатен фактор во македонското општество, потврдувајќи го својот придонес во текот на изминатиот четврт век. Како канцеларија на странска фондација со најдолго континуирано искуство во државата, нејзиниот придонес се отсликува во повеќе сфери. Промоцијата на демо-христијанските вредности на политичката сцена, поддршката на политичките субјекти кои припаѓаат на семејството на десниот центар, градењето и одржувањето на мостовите со германските политички партии, како и со европските политички асоцијации, и особено политичката едукација се издвојуваат како исклучително успешни проекти на Фондацијата.

Речиси и да нема успешен политички функционер на десницата кој не учествувал на обука организирана од Фондацијата, што во суштина значи дека резултатите од работата на повеќе генерации пратеници, министри, градоначалници, амбасадори, директори, како и партиски функционери се, меѓу другото, и плод на знаењата и искуствата стекнати на „Политичката академија“, семинарите или специјализираните обуки на Фондацијата.

Соработката со повеќе владини состави, особено оние предводени од десницата, овозможува и директен придонес на Фондацијата и во владините политики и проекти, во најголем дел посветени на процесот на европската интеграција и регионалната соработка. Користејќи ги своите мрежи на соработка во владините институции, академската заедница, граѓанскиот сектор и медиумите, успешно се отвораат општествени дебати за прашањата поврзани со реформите за исполнување на критериумите за членство во ЕУ, но и севкупниот развој

на државата. Моите искуства од соработката со Фондацијата, како заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања, беа видливи во поддршката што ја добивавме во институционалното зајакнување, законодавната реформа, билатералната соработка, како и соработката со европските институции.

Меѓу повеќето успешни проекти може да се издвои програмата за стипендирање на студенти на универзитети во државата и странство, преку која се создаде група на поединци кои се исклучително успешни во своите професии и го даваат својот придонес во општеството. Имајќи ја честа да бидам прв носител на стипендија од Фондацијата за моите додипломски студии во Скопје, а подоцна и за постдипломските студии во Бон, Германија, со задоволство можам да констатирам дека токму можноста дадена од Фондацијата да се усовршувам во областа на европските интеграции имаше незаменлив придонес во мојата академска и политичка кариера.

Припадноста кон семејството на стипендисти на Фондацијата до денес претставува можност за вмрежување со поединци кои учествуваат во носењето на одлуките во државата и регионот, што ја нагласува и улогата на Фондацијата во креирањето на нови генерации национални и регионални лидери, подготвени да ја понесат одговорноста за европеизацијата на Западниот Балкан.

Долгогодишната активност на Фондацијата овозможува следење на развојот на поединците кои таа ги идентификувала како можни идни лидери во нивните студентски денови, што значи дека некогашните студенти-стипендисти и учесници на семинарите ги добиваат и улогите на предавачи на подоцнежните семинари и обуки. Задоволство ми е што во рамките на соработката на Фондацијата со повеќе домашни и странски ентитети ја имам можноста да ги пренесам своите искуства на помладите генерации стипендисти, студенти и активисти во граѓанскиот сектор, што ја надополнува едукативната улога на Фондацијата, не само меѓу политичките субјекти, туку и пошироко во општеството.

Поддршката што професорите и студентите ја добиваат од програмите на Фондацијата може да се види и преку нејзината исклучително плодна издавачка дејност, објавувајќи голем број универзитетски учебници, стручни изданија и академски списанија, што ја збогатува стручната литература кај академската заедница. Како свој уникатен придонес, универзитетските учебници издадени од Фондацијата се бесплатни за сите студенти, што е веројатно единствен пример, во тој обем и континуитет, за таков тип на поддршка на идните академски граѓани.

Одбележувајќи 25 години од основањето на канцеларијата на Фондацијата во Скопје, лесно може да се забележи нејзиниот кредибилитет кај државните институции, политичките партии, универзитетите, невладините организации, медиумите, дипломатската заедница, како и деловната заедница. Стандардите поставени од работата на Фондацијата во изминатите години се ретко достижни од останатите, сродни ентитети, што е резултат, меѓу останатото, и на доследноста на идеологијата, правилните процени за канализирањето на поддршката, искрениот пристап, како и професионалноста на тимот на канцеларијата во Скопје.

Идеите на големиот германски канцелар Аденауер ја обликуваа поствоена Германија, ги поставија основите на европската интеграција, а преку зачувување на неговото наследство, фондацијата што го носи неговото име го дава својот придонес и во заокружување на проектот за обединување на континентот, неговата стабилност, политичка соработка и економски развој. Градејќи ја нашата држава и регионот, и приближувајќи ги до европските стандарди, во суштина се остваруваат идеите на Аденауер за една целосно обединета Европа. И покрај сите предизвици, доследноста на Фондацијата на неговите визии е поттик и за новите генерации Балканци кои сакаат да ги европеизираат своите држави.

Анализирајќи ги актуелните политичко-безбедносни предизвици со кои се соочува Европа, да се потсетиме на дел од зборовите на Аденауер, искажани пред речиси 70 години: *„Доколку не реагираме, настаните врз коишто ние, Европјаните, не можеме да влијаеме, ќе нѐ претекнат. Мислам дека Европјаните се чувствуваат премногу безбедни. Европското политичко и економско лидерство во светот, коешто беше неприкосновено на почетокот на векот, одамна престана да постои. Дали ќе биде одржана доминацијата на културното влијание на Европа? Не верувам, освен ако не го браните, и не се приспособиме на новите околности; историјата покажа дека цивилизациите исто така можат да исчезнат“*.[1]

1 Излагање на Конрад Аденауер на Grandes Conférences Catoliques, Брисел, 26.09.1956 год., цитирано во: Adenaer, K. Europa muβ sich einigen, Bonn: Presse- und Informationsamt der Bundesregierung, 1956.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Марко Трошановски**
е претседател на Институтот за демократија, македонски тинк-тенк со седиште во Скопје, Македонија. Образовната позадина му е во полето на политичките науки и магистратура по политичка комуникација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Македонија. Тој е поранешен студент на Фулбрајтовата стипендија на Универзитетот во Канзас, САД, како и истражувач на докторска размена на Универзитетот во Гронинген, Холандија. Исто така, тој е стипендист на програмата ACYPL на Стејт департментот и поранешен член на Стратешкиот совет на Министерството за надворешни работи на Северна Македонија. Неговата главна област на експертиза е политичката комуникација и истражувањето на јавното мислење. Во изминатите години неговата работа е фокусирана на управување со програмски активности во врска со добро управување и предизвиците на Берлинскиот процес и проширувањето на ЕУ во Западен Балкан. Сопруг и татко на три деца, љубител на природата, земјоделие и музика.

Полемика
UDC 061.2:321.7(497.7)(083.9)
UDC 061.27:32(430:497.7)(083.9)

Марко Трошановски

# ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО: ДОЛГОТРАЈНАТА И ПЛОДНА СОРАБОТКА МЕЃУ ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА И ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР“

Во развојот на демократски амбиент на Македонија, партнерството меѓу Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и фондацијата „Конрад Аденауер“ (КАС) претставува пример за доследна посветеност на демократскиот развој, европската интеграција и граѓанската ангажираност. Од почетоците на нашата соработка во 2003 година, ИДСЦС и КАС развија мноштво иницијативи и проекти насочени кон зајакнување на демократските институции, промовирање на европската интеграција, еманципација на македонската политичка дебата, меѓурелигиска толеранција и многу други. Во определувањето на темите за соработка, секогаш се водевме од стратешките интереси на Македонија, како и специфичностите и потребите на локалниот политички контекст, но и надворешнополитичките текови. Се уважувавме и препознававме во добронамерноста, целисходноста, професионалноста и стручноста на нашето делување. „Конрад Аденауер“ е една од најактивните и највлијателни политички фондации во земјата и за нас е голема чест што е еден од нашите стратешки партнери. Соработката ја одликуваат најразлични формати од анкетни истражувања, обуки, заеднички политички анализи и публикации, конференции и проекти, па сè до застапувачки активности во земјава и странство. А во 22 години, богами, прилично се намножија.

## ПОЛИТИЧКА МИСЛА

Можеби е најзнаменитото и долготрајно одличје на нашата соработка и единственото издание во земјата што се обраќа на стручната и општа политичка јавност, а кое опстои низ изминативе 22 години.  Годинава  имавме чест да го издадеме 70. број на списанието, за кое сме особено пасионирани со оглед на тоа што придонесува кон обогатување на политичката дебата низ интелектуален, современ и научен израз, рафиниран од меѓународниот уредувачки одбор и понуден од нашите ценети автори. Основано е во 2003 г., од тогашните директори на ИДСЦС (проф. д-р Ѓорге Иванов) и КАС (Андреас Клајн) и со гордост можеме да констатираме дека сè уште во 2025 пркоси на сите предизвици во македонското општество.

## ИЗБОРНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

Еден од темелите на партнерството меѓу ИДСЦС и КАС е нашата заедничка посветеност на промоција на транспарентни и информативни изборни процеси. Од 2013 година, издаваме сеопфатни прирачници за секој изборен циклус —

претседателски, парламентарни и локални избори, како и придружната изборна документација. Овој уникатен ресурс достапен на izbornaarhiva.mk содржи детални анализи за изборниот систем, профили на кандидатите, динамиката на кампањата и оценки по изборите што се структурирани и достапни на начин како никаде на друго место. Изданијата служат и како корисни алатки за гласачи, аналитичари и меѓународни набљудувачи, медиуми и политички научници.

## НАЈГОЛЕМАТА БАЗА НА ТРЕНДОВИ НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА

Од 2016 година, во континуитет до денес спроведуваме годишно сеопфатно истражување на јавното мислење на репрезентативен национален примерок, со цел да ги анализираме ставовите на граѓаните во однос на клучните прашања поврзани со процесот на интеграција на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ). Истражувањето вклучува прашања кои се повторуваат секоја година, со што се овозможува следење на развојот на јавната перцепција и идентификување на трендовите што се појавуваат во контекст на актуелните политички настани и предизвици. Посебен акцент е ставен на кредибилитетот на Унијата, оценувањето на преземените обврски и реформски процеси кои се неопходни за продолжување на преговорите со ЕУ, идентификацијата на граѓаните со ЕУ итн. Истовремено, истражувањето опфаќа и прашања поврзани со економските приоритети на земјата, како и перцепциите на граѓаните за главните светски геополитички актери и нивното влијание во регионот. Собраните податоци овозможуваат длабинска и споредбена анализа на промените во јавното мислење низ годините, но исто така обезбедуваат и вреден увид во тековните ставови на граѓаните за најрелевантните општествени и политички прашања во одредена година. За да се добие поцврста и покомплексна слика за јавното мислење, анализата на секое прашање дополнително се разгледува преку призма на различни параметри, меѓу кои се издвојуваат политичката ориентација и етничката припадност на испитаниците. Овој аналитички пристап не само што ги објаснува доминантните наративи во јавниот дискурс, туку и овозможува попрецизно дефинирање на приоритетите и очекувањата на граѓаните во однос на европската иднина на земјата. На тој начин, резултатите од истражувањето претставуваат корисна алатка и за креаторите на политики, и за граѓанските организации и меѓународната заедница, кои се вклучени во процесите на реформирање, демократизација и интеграција на Северна Македонија во европското семејство.

Со канцеларијата на КАС во Атина и грчкиот институтот ЕЛИАМЕП организиравме и спроведовме истражувања во двете земји околу перцепциите на двете јавности (македонската и грчката) за придобивките од Преспанскиот договор, 3 години по неговото потпишување.

## РАЗВОЈ НА ПОЛИТИКИ И РЕГИОНАЛЕН ДИЈАЛОГ

Покрај истражувањата и изборните иницијативи, ИДСЦС и КАС се ангажираат и во развој на политики и поттикнување на регионалниот дијалог. Во неколку наврати ние сме соорганизатори на  Македонско-германскиот форум, на кој покривавме теми поврзани со европската перспектива,  економските предизвици за Македонија во Европа што произлегуваат од дигиталната транзиција и зелената агенда, особено во делот на декарбонизацијата, процес кој ги засега и германските инвеститори во земјата, но е релевантно и за нашиот целокупен економски сектор, кој сè уште се потпира на скапи и штетни извори на енергија. Форумот обединува политичари, бизнис-лидери и експерти кои дискутираа за стратегии за економска отпорност и соработка.

Исто така, партнерството поддржува проекти како „Јакнење на граѓанско и бизнис сопственииштво во Берлинскиот процес и Националниот план за реформи на Северна Македонија“ и „Усогласување на дијалошка платформа за подобра имплементација на билатералните договори со Грција и Бугарија“. Овие иницијативи овозможуваат конструктивен дијалог, транспарентност и регионална стабилност, кои се суштински за европската перспектива на земјата.

Заедно ги следиме и целиме да придонесеме и кон актуелните европски дебати на (ре)креирање политики на проширувањето на ЕУ и на годишно ниво објавуваме по неколку труда поврзани на оваа тема. На пример, во 2024 г., заедно со КАС и Центарот за европски студии „Вилфред Мартенс“ во Брисел, организиравме дебата околу нови идеи и алатки за продлабочување на интеграцијата на земјите од Западен Балкан во Европската Унија, дури и пред формално членство, осврнувајќи се на различни аспекти на концептот „фазна интеграција/phasing in“, нејзините можни примени во институционалната рамка на ЕУ, како и предлози за нејзино практично спроведување – особено преку економска интеграција, унапредување на владеењето на правото и вклучување во работата на европските агенции. Низ оваа публицистичка дејност се стремиме да презентираме   конкретни препораки за развој на политики до нивните

креатори, како и донесувачите на одлуки т. е политичарите. Заедно целиме кон зголемување на учеството на земјите од Западен Балкан во институциите на ЕУ, како и идеи за олеснување на транзицијата кон членство преку засилена соработка и усогласување со европските стандарди. Во 2021 г. Организиравме конференција во Љубљана, за време на словенското претседателство со ЕУ, и со тамошната канцеларија на КАС, во промоција на новата европска финансиска рамка 2021-2027 и перспективите што ги нуди за Македонија. Во овие заеднички заложби, а особено во насока на поттик за европската заложба на земјата, организиравме настани со присуство на влијателни германски политичари, како на пример, тогашната германската министерска за одбрана, а сегашна претседателка на европската комисија Урсула фон дер Лајен, пратеничката од ЦДУ Дорис Пак, Марион Валсман, пратеничка во Европскиот парламент и заменик-претседавач на Делегацијата за Заедничкиот парламентарен комитет ЕУ – Република Северна Македонија и многу други долгогодишни поддржувачи на европската интеграција на земјите од Западен Балкан.

## ПОЛИТИЧКИ ДИЈАЛОГ

Меѓупартискиот политички дијалог не треба да се гледа исклучиво како алатка за справување со политички кризи, туку како суштински дел од здравиот демократски процес. Тој треба да ги надмине рамките на политичките партии и да ги вклучи и чинителите од граѓанското општество, создавајќи поширoки општествени простори за вклучување и соработка. Иако политичкиот дијалог најчесто се активира како реакција на конфликти, неговата вистинска вредност лежи во неговата способност да гради доверба и да ги намалува тензиите. Потребно е континуирано да се негуваат простори за дијалог – во медиумите, во институциите, како Собранието, и преку неформални иницијативи во граѓанскиот сектор – со цел создавање долгорочни форми на соработка и подобро владеење.

Во Северна Македонија, политичкиот дијалог главно се води на највисоко ниво, преку лидерски средби, но здрави канали и култура на комуникација меѓу политичарите и поширокиот општествен спектар сè уште се недоволно развиени. Политичката комуникација е неретко непријателска, потпалувачка и токсична. Го поларизира нашето општество и ги спротивставува нашите граѓани, рушејќи ја општествената кохезија и чувството за јавно добро и заеднички интерес. Од тука, со КАС ја подготвивме книгата наречена едноставно „Политички дијалог“, како наш придонес кон промена на политичката комуникациска култура – таа треба да

ги прифати дијалогот и соработката како подеднакво важни како и политичката конкуренција. Во крајна линија, квалитетот на политичкиот дијалог зависи од човечкиот капитал и од подготвеноста на соговорниците да учествуваат конструктивно – не само за постигнување договори, туку и за нивно доследно спроведување и за создавање долготрајни промени.

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ЧИНИТЕЛИ

Небројени се работилниците и обуките кои ги организиравме со политички партии и нивните подмладоци на голем спектар теми и вештини во насока на градење квалитетна политичка понуда, како нужен предуслов за функционална демократија. Иако нивото на внатрепартиската демократија и интегритетот во многу политички партии има многу простор за подобрување.

Во 2011, дадовме придонес и во промовирање на религиозниот дијалог во Македонија, преку заеднички проект за градење капацитети на медиумите и религиските претставници. Проектот „Толеранција, дијалог и соработка“ беше поддржан од Европската комисија и фондацијата „Конрад Аденауер“ и заеднички спроведен од канцеларијата на „Конрад Аденауер“ во Скопје и Институтот. Работевме да поттикнеме и да ја унапредиме свесноста за религиозна толеранција, меѓусебно прифаќање и разбирање на различните религиски убедувања во Северна Македонија. Преку промовирање на слободата на изразување, меѓурелигискиот дијалог и религискиот плурализам, се даде конкретен придонес во зајакнувањето на демократските вредности и општествената кохезија во земјата.  Беа спроведени тренинзи и заеднички работилници за новинари и гласноговорници од верските заедници, со цел подобрување на квалитетот на медиумското известување за религиозни теми и зајакнување на капацитетите на верските институции за јавна комуникација. Проектот вклучи и теренско истражување на целата територија од земјата за верски ставови  и медиумска кампања за промоција на позитивни примери на меѓурелигиска соработка.

Погоре изложеното е само мала илустрација на плодотворната соработка меѓу ИДСЦС и фондацијата „Конрад Аденауер“. Оттука, несомнено можам да резимирам дека таа претставува пример за успешно партнерство посветено на унапредување на демократијата, транспарентноста и европската интеграција на Северна Македонија. Нашите заеднички напори во изборна

едукација, истражувања, развој на политики и градење капацитети значајно се вградија во демократската консолидација на земјата и сигурен сум дека и идната континуирана соработка ќе игра витална улога во обликувањето на информирано, ангажирано и демократски зрело општество.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Александар Спасеновски**

е редовен професор на Катедрата по уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“. Негов посебен интерес се политичките партии и интересовните групи и современите политички системи. Спасеновски докторирал на тема што се однесува на уставно-правниот статус на религиите и на слободата на вероисповед.

Полемика
UDC 061.27:32(430):316.42(497.7)
UDC 061.27:32(430):321.7(497.7)

Александар Спасеновски

# ТИВКИТЕ ПАРТНЕРИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА: УЛОГАТА НА КАС ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОЛИТИЧКА ТРАНСФОРМАЦИЈА

## ВОВЕД

Во држави каде што институциите сè уште се во процес на консолидација, а граѓанското општество се соочува со постојани предизвици, присуството на политичките фондации има значење што ги надминува рамките на поединечни проекти, обуки или стратешки документи. Тие претставуваат инвестиција во луѓето, во вредностите и во културата на демократско дејствување.

Во германскиот контекст, политичките фондации се посебен облик на институционално дејствување. Основани од парламентарни партии, но организациски и финансиски независни, тие обединуваат политичко образование, поддршка на демократијата, меѓународна соработка и развој на капацитети.

Во земји како Северна Македонија, овие фондации се присутни повеќе од три децении. Секоја од нив има сопствен профил, но заеднички именител им е посветеноста кон градење стабилни институции, промоција на демократски практики и поддршка на европските вредности.

Овој текст се осврнува на улогата на една од нив, фондацијата „Конрад Аденауер“ и преку тој пример ја разгледува пошироката функција што политичките фондации ја имаат во процесите на политичка трансформација и градење демократска култура.

## 1. МЕСТОТО НА ФОНДАЦИИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА ДРЖАВАТА

Во демократските системи, особено во оние кои сè уште се во фаза на институционално зреење, политичките фондации претставуваат посебен вид актери: тие не се партии, а не се ниту институции на државната власт, но речиси секогаш се присутни таму каде што се градат вредности, се оформуваат капацитети и се отвораат јавни простори за дијалог. Во држави како нашата, каде што политичката транзиција се одвива паралелно со државотворниот процес, ваквите фондации имаат потенцијал да бидат влијателни носители на демократска стабилизација.

Во германскиот модел, политичките фондации се создадени од парламентарните партии, но работат институционално и финансиски автономно. Нивната основна мисија е политичкото образование, поддршка на демократијата, меѓународна

соработка и развој. Преку своите канцеларии, тие делуваат низ целиот свет, вклучително и во држави кои имаат кревка демократија, помагајќи, притоа, во изградбата на институции, политичка култура и правна држава.

Правната основа за постоењето на политичките фондации е Законот за здруженија и фондации. Со членот 38 од овој акт, јасно се дозволува дејствување на странски фондации преку регистрација на канцеларии или подружници. Законски се предвидува дека нивната дејност мора да биде непрофитна, транспарентна и независна од партиски и изборни активности. Истовремено, преку член 14, се дозволува нивно активно учество во јавниот живот преку иницијативи, промоција на ставови и учество во јавни дебати, што ги прави легитимни актери во процесот на креирање политики и јавно мислење. Дополнително, Законот ја предвидува можноста овие ентитети да се стекнат со статус на организација од јавен интерес, доколку исполнуваат одредени критериуми: долгорочна активност во области како развој на демократијата, образование, човекови права, поддршка на маргинализирани групи и слично. Иако не е формално обврзувачки за делување, овој статус ја зајакнува легитимноста и отчетноста на фондациите во однос на државните институции и јавноста.

Во тој правен и политички контекст, дејствувањето на фондации како КАС добива посебно значење бидејќи станува збор за еден долгорочен ангажман со проекти насочени кон подигнувањето на демократската култура, градењето на врски помеѓу институциите, поттикнувањето на генерации млади луѓе и охрабрување на јавен дијалог во општества каде што тоа не секогаш било правило.

## 2. ТИВКИТЕ ПАРТНЕРИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА: УЛОГАТА НА КАС ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОЛИТИЧКА ТРАНСФОРМАЦИЈА

На прагот помеѓу 20. и 21. век, Балканот гласно го потсети светот дека никако да дојде „крајот“ на историјата. Територијата во која силно се преплетени народите, идеологиите и интересите, влезе во еден од најтешките и највознемирувачки периоди од своето современо постоење. Распадот на Југославија, некогаш претставувана како симбол на братството и единството на јужнословенските народи, ги соголи длабоките разлики, неискажаните фрустрации и насобраните конфликти. Крвопролевањата во Хрватска и Босна и Херцеговина оставија длабоки лузни, додека Косово прерасна во поле на пролонгирана нестабилност и неизвесност.

Во тој непредвидлив и честопати мрачен контекст, Македонија се обидуваше да го најде својот пат: тивко, но со решителност, градејќи институции и трагајќи по сопствената стабилност. Независноста, иако постигната без вооружен конфликт, се најде под голем притисок на кризи, меѓуетнички тензии и други надоаѓачки предизвици.

Токму во тие моменти, кога демократијата беше идеал што сè уште се учи, а Европа изгледаше истовремено и далеку и недостижно, фондацијата „Конрад Аденауер" (КАС) започна со својата мисија во Македонија. КАС со себе донесе еден специфичен систем на вредности за потребата од негување на политичката умереност, за натамошно јакнење на идеите за европски и евро-атлантски интеграции, како и за негување на чувството за историска одговорност. Во едно општество што сè уште се будеше од посткомунистичката авторитарна амнезија, овие вредности не беа само теоретски декларации, туку реални инструменти кои требаше да ја забрзаат и нивелираат општествената трансформација што се случуваше.

Првите години од присуството на КАС беа обележани со интензивни активности насочени кон младите генерации, кон натамошно отворање на вратите за европските и евроатлантските перспективи, како и кон создавање платформи за натамошно јакнење на културата на јавна дебата во едно општество каде што тоа сè уште не беше востановена пракса. Во оваа смисла, една од првите активности што Фондацијата ги иницираше на македонско тло беше програмата за стипендирање на млади студенти. Таа програма не беше само материјална поддршка, туку и своевидна увертира во една нова култура на вреднување на личниот потенцијал, одговорноста и интелектуалната љубопитност. Авторот на овој сепарат беше дел од првата генерација стипендисти на КАС, искуство што заедно со генерациски блиските колеги од тие времиња остави важни траги во формирањето на личниот, професионалниот и граѓанскиот светоглед. Понатаму, во овој период, средбите со експерти, курсевите, семинарите и студиските посети не беа само обични активности, туку и чин на колективно охрабрување. Во општество во кое недовербата во институциите беше норма, КАС преку овие активности настојуваше да создаде поголеми простори на доверба, дијалог и соработка која оди подалеку од дневната политика.

Во почетокот на новиот милениум, кога Македонија се соочи со една од своите најдлабоки внатрешни кризи, вооружениот конфликт од 2001 година и со историската потреба да се преиспита и продлабочи концептот на граѓанската држава, КАС имаше тивка, но суштинска улога во поттикнувањето на дијалог

и меѓусебно разбирање. Преку натамошно охрабрување на соработката на политичките актери, граѓанските организации и медиумите, Фондацијата промовираше вредности и механизми за мирно надминување на разликите и за градење на одржлив соживот. Многу од тие процеси, иако не секогаш видливи за јавноста, имаа подолгорочно влијание од некои од најзабележаните политички потези на тоа време.

Со одлуката на Европската Унија од 2005 година Македонија да добие статус на држава-кандидат за членство, се отвори ново поглавје во меѓународните односи на државата. Тоа не беше само симболичен чин, туку уште едно признание дека реформите, независно од сите пречки, се движат во правилна насока. Во политичка смисла, кандидатскиот статус значеше охрабрување, но и обврска за длабоки институционални трансформации. Со визната либерализација во 2008 година, пак, процесот доби и конкретна, опиплива димензија. Меѓутоа, вистинскиот пат кон ЕУ, оној институционалниот, административниот и културолошкиот, беше и останува далеку покомплексен. Токму во тие години, фондацијата „Конрад Аденауер“ одигра значајна улога во поддршката на овие процеси. Со континуирано вложување во унапредувањето на капацитетите на законодавната и извршната власт, преку организирање студиски посети, обуки и размена на искуства, КАС придонесе кон развојот на една поефикасна и транспарентна парламентарна култура. Преку поддршката на градењето врски со германски и европски политичари, Фондацијата служеше како жив мост помеѓу македонската политичка сцена и европските центри на одлучување. Особено значаен беше придонесот во пренесувањето на вредностите и практиките од германскиот федерален систем, модел што се темели на поделба на одговорности, дијалог и почитување на институционалната рамнотежа.

Паралелно, Фондацијата тивко, но посветено се вгнезди и во академската сфера. Преку поддршката на универзитетски изданија, учебници, научни конференции и академски програми, КАС го поттикна она што честопати недостигаше во државите кои го врвеа процесот на демократска консолидација, а тоа е создавањето стабилна, информирана и критичка интелектуална средина. Во оваа смисла, како резултат на реализираните активности и проекти, студентите не добиваа само материјали, туку добиваа и перспективи. Во тој контекст, особено значајно е издавањето на списанието „Политичка мисла“, основано од КАС во 2003 година. Од своето прво издание, ова списание претставува нов квалитет во политичката мисла на Македонија: форум за идеи, за аргументирана расправа, за трпеливо објаснување на комплексностите на демократијата... Со теми што ги опфаќаат сложените аспекти на политичката теорија, на владеењето на правото,

човековите права, надворешната политика, економијата и меѓуетничките односи, списанието прерасна во една стабилна референтна точка на јавната дебата која има изразен капацитет да прославува уште нови јубилеи.

Еден дополнителен сегмент од работата на КАС кој заслужува посебно внимание е ангажманот во областа на верските слободи и односите помеѓу државата и верските заедници. Со создавањето на платформи за отворен дијалог помеѓу верските претставници, интелектуалци, правници и институции, КАС придонесе кон градењето на култура на заемно почитување и разбирање во едно општество во кое религијата не е само приватно уверување, туку и важен идентитетски симбол.

Не помалку важен сегмент од присуството на КАС е и поддршката на проекти што, иако не секогаш се наоѓаат во центарот на јавниот интерес, имаат суштинско значење за квалитетот на демократијата и животот на граѓаните. Преку иницијативи за заштита на животната средина, активности со средношколци и младински организации, прекугранични проекти за регионална соработка и поттикнувањето на развојот на локалната самоуправа, Фондацијата остана доследна на својата изворна цел да го зајакне демократското ткиво на општеството.

Денес, кога Европа се соочува со нови испити, со воени конфликти на своите граници, со енергетски кризи, еродирани демократии и засилени авторитарни наративи, вредностите што ги застапува КАС стануваат уште поважни. Иднината, иако е неизвесна, сепак ќе биде одбележана со некакви настани. Во неа, местото на фондациите како КАС е многу важно. За многумина од нас кои растевме паралелно со демократските процеси во Македонија, заедно со КАС, оваа фондација не е само партнер, туку дел од нашето лично и професионално зреење. Веруваме дека, здрави и живи, ние како луѓе, но и како заедница – ќе продолжиме да одолеваме на предизвиците кои ги носи времето. Веруваме дека и државата, но и Европа ќе го засилат капацитетот за обнова и развој, а ветриштата на оптимизмот од првите децении на независноста кога беа поставени темелите на КАС во Македонија, ќе ја заплиснат повторно и нашата земја, и Германија, и Европа, носејќи уште поголема енергија, поголема трпеливост и подлабока свесност за она што навистина вреди.

## ЗАКЛУЧОК

Придонесот на фондацијата „Конрад Аденауер“ во денешна Северна Македонија не може да се измери само со едноставно набројување или сумирање на настани, документи и проекти. Тој се мери во идеи што продолжуваат да живеат, во врски што траат и во капацитетот на едно општество да го одбрани сопствениот демократски пат, дури и кога е најтешко.

Работата на КАС не е само дел од нашата институционална историја, таа е дел од нашата демократска зрелост. И доколку се согласиме дека иднината навистина им припаѓа на оние кои се подготвени да ја обликуваат со трпение и визија, тогаш улогата на Фондацијата не е само важна, туку и неопходна. Затоа што демократските вредности се тивки по природа, но трајни кога има кој со успех да ги носи.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА



**Стефан Андоновски**
во моментот ја извршува функцијата министер за дигитална трансформација во македонската влада. Тој е магистер по меѓународни односи и меѓународна економија на Универзитетот „Џонс Хопкинс“ (SAIS). Во моментов, како докторанд на правни науки, Стефан има напишано трудови и написи за домашни и меѓународни списанија, фокусирајќи се на областа на меѓународната медијација и преговори, како и реформи во постконфликтни политички системи. Пред да биде именуван за министер за дигитална трансформација, тој беше заменик-министер во Министерството за информатичко општество и администрација. Неговиот примарен фокус е обезбедување на ефикасни, достапни владини услуги за граѓаните и компаниите, како и справување со корупцијата.

Изворна научна статија
UDC 341.382(497.1)"1995"
UDC 061.27:32(430:497)

Стефан Андоновски

# УСТАВНОПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ДЕЈТОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР И УЛОГАТА НА ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР“ ВО РЕГИОНОТ

## ВОВЕД

Јубилејот на активното функционирање на фондацијата „Конрад Аденауер“ во македонското општество и општествата на Балканот, коинцидира со годината кога навршуваат 30 години од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор. Договорот, но и улогата на КАС се силен пример за преплетеноста на меѓународното право, мировното право и уставното право.

Неколкугодишната крвава војна на територијата на Босна и Херцеговина, како и недостатокот на ангажман на меѓународните сили за справување со насилството, етничкото чистење и геноцидот, но и последователното „замрзнување“ на конфликтот, поттикна стотици научници и практичари да ги анализираат сите аспекти на конфликтот, справувањето со него, постигнувањето мир, но и последиците од мировниот договор кој на крајот беше склучен. Многубројни автори ги анализираат и целите кои беа поставени при разрешувањето на конфликтот. Виднер, во таа смисла, анализира три групи амбиции. Првиот сет повлекува трајност на договорот, проследено со намалување на насилството и зголемување на граѓанското учество, што овозможува институционализирање на конфликтот. Третата амбиција ја нагласува важноста на самоспроведувањето на договорот во иднина.[1] Во рамките на анализата на уставноправните аспекти на мировните договори, Дејтонскиот мировен договор е можеби најсилен пример за преплетеноста на меѓународното право, мировното право и уставното право. Самиот текст на договорот и анексите кон него се извор на уставното право на Босна и Херцеговина денес.

Оттука, овој труд ги анализира бурните историски премрежја од крајот на војната во Босна и Херцеговина кои доведоа до текстот на Дејтонскиот мировен договор, неговите клучни уставноправни елементи, но и ефектите од нив. Аргумент на овој труд е дека Дејтонскиот мировен договор не ги исполни целосно стандардите за имплементација на своите уставноправни елементи, во формална и суштинска смисла, но и во поглед на трансформацијата на конфликтот. Постоењето на фундаментална амбивалентност помеѓу сепаратистичките и интегративните елементи на договорот, го прави Дејтонскиот мировен договор форма на привремен воен договор, наместо конечен и сеопфатен мировен договор.

Иако успеа во основната цел како мировен договор – да стави крај на насилството, авторите на Дејтонскиот мировен договор, немајќи го целосно

1 J Widner, “Constitution Writing in Post-conflict Settings: An Overview”,*49 Wm. & Mary L. Rev. 1513*, 2008.

во вид социо-политичкиот контекст на државата, не предвидоа единствен политички исход за Босна и Херцеговина. Во таа насока, политичкиот систем кој го креираше Дејтон, владините институции во Босна и Херцеговина, вклучително и многубројни министерства и различни јавни тела, ги направи неефикасни и несамоодрживи. Доминацијата на етно-националистичка перспектива, која ја предвиде Дејтон, ѝ недостасува вклучување на малцинствата. Едноставно кажано, наметнатите стандарди за демократизација единствено ја осигураа зависноста на БиХ од нејзините меѓународни актери присутни на теренот.

На 29 февруари 1992 година, Босна и Херцеговина (БиХ) ја прогласи својата независност. Меѓутоа, босанските Срби (поддржани од југословенскиот претседател Слободан Милошевиќ), кои сочинуваа приближно 30 % од населението, побараа посебна независна српска држава, која подоцна ја нарекоа Република Српска. Од друга страна, босанските Хрвати со поддршка на хрватските власти имаа свои територијални претензии на западот на БиХ, формирајќи мала квази-држава Херцег-Босна. Државата Босна и Херцеговина имаше своја власт, претежно составена од Бошњаци (најупотребуван термин во тој период за оваа етничка заедница е терминот „муслимани“), предводени од Алија Изетбеговиќ. Интензивирањето на насилството во војната во БиХ и притисокот за силна меѓународна интервенција, го достигна својот врв со „најголемиот геноцид во Европа од Втората светска војна“ — масакрот во Сребреница.[2] Тежината, интензитетот и бруталноста на конфликтот ѝ стави јасно до знаење на меѓународната заедница за тоа што би значела ескалацијата доколку продолжи благиот и непостојан меѓународен пристап. „Злосторствата кои се случуваа влијаеја на чувството за морал кај јавноста и го поттикнаа поривот да се направи нешто за да се стави крај на овие невидени суровости“.[3]

Неколку меѓународни напори во периодот од 1992 до 1995, ги вклучуваа и: првиот мировен план, познат како мировен план Кутилеиро, кога за првпат се воведе идеја за поделба на Босна и Херцеговина на кантони; Планот на Венс-Овен (1993), со кој се предвидуваше територијата на Босна и Херцеговина да се подели на десет провинции и Сараево да добие посебен статус, покривајќи 5,54 отсто од државната територија; Планот Овен-Столтенберг (1993), кој се засноваше на концептот на три етнички (конститутивни) републики и на Сараево и Мостар со доделен посебен статус како поделени градови; Договорот од Вашингтон (1994) – мировен план, со кој се создаде Федерација на Хрвати и Бошњаци, поделена

2 S Leydesdorff, & Richardson, K. *Surviving the Bosnian Genocide.* Bloomington, IN: Indiana University Press. 2011: xii
3 S Touval, "Coercive Mediation on the Road to Dayton" in *International Negotiation.* Hague, The Netherlands: Kluwer Law International. 1996: 554

на десет кантони; Планот на Контакт групата (1994) – базиран на идејата за поделба на територијата на Босна и Херцеговина, создавајќи Федерација Босна и Херцеговина од една страна и Република Српска со мнозинско српско население од друга. Но, освен спогодбата која со посредство на САД ја создаде Федерацијата БиХ меѓу Бошњаците (босанските муслимани) и босанските Хрвати во 1994 година, војната се сметаше за проблем со кој требаше да се справува Европската Унија.

Сепак, војната во која за само три години загинаа стотици илјади, а два милиони луѓе останаа без покрив над главата, конечно беше решена за време на мировните преговори во Дејтон, Охајо, под покровителство на Соединетите Американски Држави. Неа ја комплицираа различни меѓусебно поврзани и зависни прашања, вклучувајќи ја спорната територија, домашните и меѓународните политички односи, дилемата помеѓу мирот наспроти правдата, како и улогата на меѓународната заедница во понатамошното делување.

Според тоа, агендата на Дејтонските мировни преговори вклучуваше: постигнување трајно сеопфатно мировно решение, тристрано признавање на државите; укинување на санкциите; решавање на територијалните прашања во Босна и Херцеговина, како и на прашањето за Источна Славонија во Хрватска; прашања за изборите, уставни одредби за понатамошното уредување на државата, претседателството; судење на воени злосторници; и прашањата за бегалците. Овие кластери на прашања, уште на прв поглед покажуваат дека пронаоѓањето на мировен одговор на војната воопшто не беше поставено како само воено прашање. Од друга страна, идејата зад ова кластерирање на прашањата беше да се поедностави структурната сложеност на војната, што ќе требаше да им помогне на преговарачкиот тим и на завојуваните страни да имаат јасна перспектива за прашањата на масата.

Ричард Холбрук, помошник државен секретар на САД за Европа, како предводник на процесот на мировните договори, јасно знаел и дека прашањата за Косово и Брчко ќе мора да бидат исклучени од договорот за да не се загрози преговарачкиот процес. Иако во партнерство со Карл Билдт (поранешен премиер на Шведска и висок претставник во Босна и Херцеговина), Холбрук со право се смета за „архитект на Дејтон“.[4] Бас го анализира Холбруковиот пристап како „тријажен начин на размислување“, со тоа што дава приоритет на она што е политички и дипломатски остварливо, дури и ако тоа значи оставање и на

4 Radio Free Europe. “Richard Holbrooke, U.S. Diplomat And Architect Of Dayton Peace Accords, Dies At 69”, http://www.rferl.org/content/richard_holbrooke_dies_/2247460.html пристапено на 6 јануари 2025.

основните проблеми неразрешени.[5] Од друга страна, долго пред започнувањето на мировните разговори, Холбрук сфатил дека кратките и нејасни (и на крајот игнорирани) договори посредувани од неговите претходници треба да се заменат со сеопфатна мировна рамка.[6] Сепак, тоа не го објаснува фактот зошто целите на Дејтонскиот мировен договор не се однесуваат само на спречувањето на крвопролевањето и запирањето на воените маневри на завојуваните страни, туку одат далеку подлабоко – уставно уредување на БиХ, демократизација, човекови права, економски напредок. Креираната дихотомија помеѓу високопоставените цели и формален текст на договорот, со малиот ангажман на сите засегнати страни во преговорите, но и во имплементацијата, започнуваат да го поставуваат семето на неуспехот на Дејтонскиот мировен договор да биде сеопфатно решение за босанскиот проблем.

Трудот ја анализира и улогата на фондацијата „Конрад Аденауер“ (КАС), како една од силно застапените меѓународни организации, кои играа улога во обликувањето, развојот и поддршката за прогресот на процесот на демократизација и во Босна и Херцеговина, и во поширокиот балкански регион. Оттука, улогата на Фондацијата, може да се смета за фактор на обликување и поддршка на демократскиот политички развој на балканските општества.

## СТРУКТУРАТА И ЦЕЛИТЕ НА ДЕЈТОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР

Општиот рамковен договор за мир во Босна и Херцеговина, познат и како Дејтонски мировен договор (ДМД), Дејтонски договор, Париски протокол или Дејтонско-париски договор, е мировен договор постигнат во воздухопловната база „Рајт-Патерсон“ во близина на Дејтон, Охајо, Соединетите Американски Држави, во ноември 1995 година, и официјално потпишан две недели подоцна, во Париз, на 14 декември 1995 година. Потпишан од претседателите на Република Босна и Херцеговина, Алија Изетбеговиќ, на Република Хрватска, Фрањо Туѓман и на Сојузна Република Југославија, Слободан Милошевиќ, како и посведочен од специјален преговарач на Европската Унија, како и од претставниците на Француската Република, Сојузна Република Германија, Руската Федерација, Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска и Соединетите Американски Држави.

5 W Bass, “The triage of Dayton”, *Foreign Affairs*, 77(5), 1998: 95.
6 R Holbrooke, *To End a War*. New York: Random House. 1998: 223

Дејтонскиот мировен договор се смета за широко признат успех на американската принудна дипломатија. Во таа насока, меѓу научниците и практичарите постои непоколебливо мислење дека Дејтонскиот мировен договор го запре крвопролевањето и ја обезбеди иднината на БиХ како меѓународно призната земја.[7] Противниците на договорот, но и оние кои денес ги критикуваат неговите аспекти, сепак го признаваат историскиот факт дека Договорот е прв таков акт во тригодишната војна кој веднаш го запре огнот помеѓу двете страни и доведе до смрзнување на воениот конфликт, веднаш по неговото потпишување.

Основниот текст на Дејтонскиот мировен договор е она што се смета за Генерален рамковен договор за мир во Босна и Херцеговина. Овој краток текст од 8 члена, ја потврдува Босна и Херцеговина како единствена суверена држава во нејзините меѓународно признати граници.

„Особено, страните целосно ќе ја почитуваат суверената еднаквост една на друга, ќе ги решаваат споровите со мирни средства и ќе се воздржат од какви било активности, со закана или употреба на сила или на друг начин, против територијалниот интегритет или политичката независност на Босна и Херцеговина или која било друга држава".[8]

Членот 10 исто така го утврдува меѓусебното признавање на двете држави кои претставуваа завојувани страни во војната. „Сојузна Република Југославија и Република Босна и Херцеговина меѓусебно се признаваат како суверени независни држави во нивните меѓународни граници."[9]

Некои дополнителни елементи кои самостојно ги уредува основниот текст на договорот се формализирањето на прекинот на огнот меѓу завојуваните страни, повлекувањето на воените сили до договорените граници и демилитаризација на одредени зони. Исто така, Договорот вклучува одредби со кои ќе им се овозможи на раселените лица и бегалците да се вратат во своите домови и да го вратат својот имот. На крајот, основниот текст воспоставува меѓународни механизми за надзор и спроведување на договорот, како што се Канцеларијата на високиот претставник кој има за задача да го следи цивилното спроведување на Договорот и сили за имплементација предводени од НАТО (ИФОР) за спроведување на

7 Помеѓу останатите, "Coercive Mediation on the Road to Dayton" in *International Negotiation.* Hague, Clinton B,"Ending the Bosnian War: The Personal Story of the President of the United States" in *The Role of Intelligence and Political Leadership in Ending the Bosnian War*. 2013, D Curran, J Sebenius, K James,M Watkins, "Two Paths to Peace: Contrasting George Mitchell in Northern Ireland with Richard Holbrooke in Bosnia–Herzegovina". *Negotiation Journal*, 2004.

8 Член 1, Дејтонски мировен договор, https://www.osce.org/bih/126173, пристапено на 8 јануари 2025.

9 Ibid

воените аспекти на Договорот. Во таа насока е и формирањето на специјални тела кои треба да се грижат за имплементација на договореното од Дејтон.

„Страните ги поздравуваат и ги поддржуваат аранжманите што се направени во врска со формирањето на арбитражен трибунал, Комисија за човекови права, Комисија за бегалци и раселени лица, Комисија за зачувување на националните споменици и јавните корпорации на Босна и Херцеговина.“[10]

Многу позначајно, во рамките на целиот основен текст, Договорот се повикува на анексите кои следуваат по него и кои ја исцртуваат суштината на овој мировен договор. Договорот, повикувајќи се на анексите, вклучува и заложба за усвојување на устав кој ќе ги гарантира основните човекови права, ќе го дефинира односот помеѓу централната држава и двата ентитета и ќе ги воспостави принципите за поделба на власта, за да се обезбеди застапеност на трите конститутивни народи на БиХ (Бошњаците, Хрватите и Србите).

Во таа насока, многу посуштински аспект на Договорот за оваа анализа, претставуваат анексите кои се составен дел од него, кои во многу позначајна мера ги детерминираат воените и цивилните аспекти на мировниот договор, но уште повеќе, нови аспекти, кои се специфични за овој случај.

Оттука, значајно е да се напоменат: Анекс 1-А: Договор за воени аспекти на мировното решение; Анекс 1-Б: Договор за регионална стабилизација; Анекс 2: Договор за гранична линија меѓу ентитетите и сродни прашања; Анекс 3: Договор за избори; Анекс 4: Устав; Анекс 5: Договор за арбитража; Анекс 6: Договор за човекови права; Анекс 7: Договор за бегалци и раселени лица; Анекс 8: Договор за Комисијата за зачувување на националните споменици; Анекс 9: Договор за јавните институции на Босна и Херцеговина; Анекс 10: Договор за цивилна имплементација; и Анекс 11: Договор за меѓународна полициска работна група.

## АНЕКСИТЕ НА ДЕЈТОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР И АНЕКС 4

Клучен аспект за анализата на овој труд е фактот дека преговорите во Дејтон резултираа со Анекс 4 на мировниот договор, кој служи како Устав на Босна и Херцеговина. Како никогаш порано во историјата на мировните науки и Jus Post Bellum, еден мировен договор содржеше целосен устав на една самостојна,

10 Член 6, Ibid

независна и суверена држава. По потпишувањето на Договорот, Уставот стана обврзувачки како составен дел на меѓународно признатиот мировен договор. За него не се расправаше, ниту беше изгласан во Парламентот на Босна и Херцеговина, туку само се бараше потврда од ентитетите. Овој пристап ги заобиколи општоприфатените демократски процедури за донесување на Устав, одразувајќи ги вонредните околности на повоената средина и потребата да се обезбеди итна имплементација. Самиот факт што Уставот на БиХ е дел од мировен договор на три завојувани страни, негови потписници се и двајца шефови на други држави, а е потпишан со согласност на постојаните членки на Советот за безбедност на ОН и претставник на Европската Унија, ги прави неговите членови отпорни на промени, а општествената стварност која ја создава – отпорна на реформи.

Анексот 4 од Договорот воспостави правнообврзувачки механизми за дефинирање на структурата на државата. Особено значајни за дискусија се елементите во Анексот 4 кои се однесуваат на механизмите за поделба на власта и моќта, улогата на централната власт наспроти правата и управувањето на ентитетите и вклучување на етничките заштитни механизми.

Аспект кој е многу значаен за понатамошното функционирање на државата е механизмот за поделба на власта и распределба на политичката моќ помеѓу завојуваните страни. Државата е поделена на два ентитета: Федерација Босна и Херцеговина, од своја страна поделена на кантони (со бошњачко и/или хрватско мнозинство) и Република Српска како централизиран ентитет (со етничко српско мнозинство). Секој од овие два ентитета има значителна автономија, вклучително и контрола врз образованието, полицијата и економската политика.

Членот 3 од Анексот во детали ги регулира прашањата од надлежност на централната власт, со прашањата кои се оставаат во надлежност на ентитетите. „Следните работи се одговорност на институциите на Босна и Херцеговина: а. Надворешна политика; б. Надворешно-трговска политика; в. Царинска политика; г. Монетарна политика; д. Финансии на институциите и меѓународни обврски на Босна и Херцеговина; ѓ. Политика и регулатива за имиграција, бегалци и азил. е. Меѓународно и меѓуентитетско спроведување на кривичното право, вклучително и односите со Интерпол; ж. Воспоставување и функционирање на заеднички и меѓународни комуникациски капацитети; и. Регулатива за меѓуентитетски превоз; ј. Контрола на летање.“[11] Дополнително, ентитетите задржуваат широки права, особено во делот на правото да воспостават посебни паралелни односи со

11 Член 3, Анекс 4, Ibid

соседните држави во согласност со суверенитетот и територијалниот интегритет на Босна и Херцеговина. Секој ентитет има и свои административни единици, како и законодавни, извршни и судски тела (парламенти, влади, судови) и свои финансиски извори, како и економски и академски центри. Понатаму, со Договорот се дозволи функционирање на ентитетски цивилни агенции за спроведување на законот, склучување договори со држави и меѓународни организации со согласност на Парламентарното собрание, но и широка одредба со која „сите владини функции и овластувања кои со овој Устав не се изрично доделени на институциите на Босна и Херцеговина, преостануваат на ентитетите.“[12] Според тоа, Босна и Херцеговина има 14 влади и 14 парламенти со огромна јавна администрација, раководни лица и севкупно јавна власт за само 3,7 милиони граѓани.

Анексот 4 дефинира и трипартитно претседателство во државата. Претседателството од три члена, со претставник од секој конститутивен народ (Бошњаци, Хрвати, Срби). „Претседателството на Босна и Херцеговина се состои од три члена: еден Бошњак и еден Хрват, секој директно избран од територијата на Федерацијата и еден Србин директно избран од територијата на Република Српска.“[13] Овој чист етнички пристап, како што ќе видиме понатаму, претставува јасен пример за владеење засновано на етничка основа, во судир со демократските принципи на повоена Европа.

Во членот 4 од Анексот се дефинира и постоењето на дводомен Парламент, составен од Дом на народите и Претставнички дом. Домот на народите се состои од 15 делегати, две третини од Федерацијата (вклучувајќи пет Хрвати и пет Бошњаци) и една третина од Република Српска (пет Срби). Уставот предвидува назначените хрватски и бошњачки делегати од Федерацијата да бидат избрани од хрватските и бошњачките делегати во Домот на народите на Федерацијата. Делегатите од Република Српска ги избира Народното собрание на Република Српска. Претставничкиот дом, како втор дом на Парламентот, се состои од 42 члена, од кои две третини се избираат од територијата на Федерацијата, една третина од територијата на Република Српска, избрани на директни избори.

Членот 10 ги регулира и потенцијалните промени на Уставот (Анексот). Имено „овој Устав може да се измени со одлука на Парламентарното собрание, со двотретинско мнозинство од присутните и кои гласаат во Претставничкиот дом.“ Па сепак, „ниту една измена на овој Устав не може да укине или намали некое

12 Ibid
13 Член 5, Ibid

од правата и слободите од членот II на овој Устав или да го измени овој член.“[14] Забележувајќи ја ригидноста на одредбите за уставни амандмани во соодветниот политички контекст, станува јасно зошто на Уставот на Босна и Херцеговина не му се случиле потребните значајни промени цели 30 години по неговото донесување.

Во изминатите години постоеја многу обиди за уставна реформа и реформа на политичкиот систем. Првиот обид за уставни измени беше подготвен кон крајот на 2005 година (промовиран како „Априлски пакет“), како прва иницијатива во однос на уставни измени предводени од локалните власти, под надзор на Канцеларијата на високиот претставник. Други слични обиди за уставни реформи, како што се Прудскиот процес и Пакетот Бутмир, во најголема мера беа наменети за територијална реорганизација на земјата, а многу помалку како напор за создавање функционална европска држава. Во последните години имаше некои многу мали измени на договорот, како што е нова одредба државните институции да преземат некои меѓународни задачи како резултат на приближувањето кон Европската Унија, како и во врска со правниот статус на Брчко.

Значајно е да се спомене и дека Анексот на Дејтонскиот мировен договор предвидува и обемни заштитни мерки кои им овозможуваат на етничките групи да ставаат вето на законите за кои сметаат дека се штетни за нивните интереси, често парализирајќи го донесувањето одлуки.

Во насока на анализата на овој труд, значајно е да се споменат и Анексот 6 и 7 од Дејтонскиот мировен договор. Анексот 6 ја гарантира заштитата на човековите права, потпирајќи се на меѓународните конвенции, а особено директно прифаќајќи ја примената на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) како посилен акт од домашното законодавство. Еден од клучните елементи на самиот договор е токму таа заштита на човековите права. Анексот утврдува дека институциите ќе им обезбедат на сите лица во нивната јурисдикција највисоко ниво на меѓународно признати човекови права и основни слободи, како што е наведено во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и нејзините протоколи и други меѓународни договори, кои се наведени во анексот и Договорот. Со право, автори кои рано го анализираат овој аспект на договорот ќе заклучат: „Дека заштитата на човековите права е главен фокус на

14 Член 10, Ibid

Мировниот договор станува јасно со читање на документот: терминот „човекови права“ се појавува во него не помалку од седумдесет пати.“[15]

Од своја страна, Анекс 7 предвидува нормирање и обврски за враќање на бегалците и раселените лица во нивните предвоени домови и враќање на имотот.

## ИМПЛИКАЦИИТЕ ОД ДЕЈТОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР

Некои автори тврдат дека самиот договор покажува како правните рамки се обликуваат со политички компромис и дипломатски маневри.[16] Сепак, импликациите од Дејтонскиот мировен договор се огледуваат во фактот дека тој постави цели за демократизација и градење држава во земја која беше разурната од крвава војна. Таа дихотомија помеѓу „воените“ и „цивилните“ аспекти на договорот, иако со цел да даде сеопфатно решение на сложениот крвав конфликт, повеќе стана пречка за долгорочна стабилизација и напредок на Босна и Херцеговина. Или според зборовите на неговиот „архитект“  „На хартија, Дејтон беше добар договор; ја заврши војната и воспостави единствена, мултиетничка земја. Но, безброј мировни договори преживеаја само во историските книги, како студии на случај во неуспешни очекувања“.[17]

Ако го анализираме Договорот, достигнувања првенствено се гледаат во првиот аспект – завршување на крвопролевањето и војната. Тоа е она што Далдер и Фроман го дефинираат како „запирање на активните непријателства и воспоставување рамка за мир“.[18] Факт е дека Босна и Херцеговина е во ситуација на замрзнат мир од 1995 година. Стравот од дополнително губење на животи кај завојуваните страни, кој беше многу силен и кај меѓународните посредници, се покажа како неоснован. Критичните предизвици на обединувањето на Сараево, демобилизацијата и отстранувањето на воените контролни пунктови и обезбедувањето на меѓународната граница беа успешно организирани без воена жртва.[19] И покрај малиот број спорни области, граничната линија меѓу ентитетите лесно се поминуваше уште во првите месеци по потпишувањето на договорот. Луѓето беа охрабрени да се вратат, но имаше знаци на систематско заплашување

15 J Sloan, “The Dayton Peace Agreement: Human rights guarantees and their implementation”, *European Journal of International Law*, 7(2), 1996: 208.

16 D Chollet and B Freeman. *The Secret History of Dayton: U.S. Diplomacy and the Bosnia Peace Process 1995.* National Security Archive Electronic Briefing Book No. 171, November 21, 2005.

17 R Holbrooke, *To End a War*.

18 I.H. Daalder, and Froman, M.B. “Dayton’s incomplete peace”, *Foreign Affairs*, 78(6), 1999: 106.

19 E. M Cousens&C.K. Cater, *Toward peace in Bosnia : implementing the Dayton accords.* Boulder, Colo.: Lynne Rienner Publishers, 2001.

и манипулација од страна на националистичките партии, што го попречуваше процесот. Вкупна бројка од околу 540.000 луѓе, особено Бошњаци, во текот на војната добија постојан престој во други земји и никогаш не се вратија.

Оттука, кога анализата ќе навлезе во проценката на стандардите за имплементација на договорот во понатамошното градење на државата, јасно е дека на креаторите од Дејтон им недостигаше општествена визија или интерес за особеностите на босанскиот контекст и разбирање на иднината на Босна и Херцеговина во полза на нејзините граѓани. Суштината се состои во тоа што Дејтонскиот мировен договор не си постави за цел да биде само договор за завршување на војната. Карл Билдт (првиот висок претставник на ОН во БиХ) беше јасен дека Дејтон е „убедливо најамбициозниот мировен договор во модерната историја. Тој поставува цел не само да стави крај на непријателствата, туку и да го реконструира и демократизира босанското општество“.[20] Во таа цел, ДМД потфрли континуирано и суштински.

Во однос на формалната издржливост, ДМД не предвидуваше единствен политички исход за Босна и Херцеговина. Постоењето на фундаментална амбивалентност помеѓу сепаратистичките и интегративните елементи на договорот, го прави Дејтонскиот мировен договор форма на привремен воен договор, наместо конечен и сеопфатен мировен договор. Босна и Херцеговина беше конституирана како мултиетничка држава, поделена на два посебни ентитета: хрватско-муслиманска „Федерација на Босна и Херцеговина“ (51 % од територијата) и српски ентитет „Република Српска“ (49%). Според тоа, ДМД ги регулираше надлежностите на централните власти и субјектите, оставајќи ги нерегулираните аспекти на субјектите. Некои автори како Шарп го нарекуваат овој пристап и како пристап со „две спротивставени цели, една на друга: да се подели Босна на два политички ентитета со засебни армии, додека се повикува на единствена интегрирана држава со централни институции“.[21]

Кер-Линдзи, во таа насока, ја нагласува важноста од балансирање на краткорочната стабилност со долгорочната функционалност во мировните договори. Според него, токму фокусот на Дејтон на завршување на војната ја засени потребата од одржлива правна рамка. Договорот, според овие автори, создаде правна рамка која донесе мир, но ги институционализираше поделбите

20 Bildt in D Chandler, *Bosnia: faking democracy after Dayton.* London: Pluto Press.1999: 43

21 Sharp, "Dayton Report Card", *International Security*

што го предизвикаа конфликтот. „Тој стана правна лудачка кошула, која ја спречува Босна да еволуира во кохезивна и функционална држава“.[22]

Анексот 4 на Дејтонскиот договор, како Устав на Босна и Херцеговина, воспостави високо децентрализирана држава, што го парализира управувањето со државата, најмногу заради правото на вето и етничките квоти, кои често го попречуваат донесувањето одлуки. Високо децентрализираната структура на управување, наменета со цел да се справи со етничките поделби, всушност ја направи Босна и Херцеговина фрагментирана држава со ограничена централна власт. Шарп анализира дека договорот не успеа да ги реши подлабоките етнички поделби и остави високо децентрализирана државна структура, што ја попречува политичката и економската интеграција. Во суштина, „Политичкиот систем оформен од Дејтон ги вкорени етничките поделби, што го прави предизвик долгорочното владеење и помирувањето“.[23] На иста линија е и Далдер, кој смета дека „уставната структура содржана во Дејтонскиот договор ги вкорени етничките поделби, ограничувајќи го капацитетот на централната власт да управува ефективно.“[24] Со легитимирање на тие етнички поделби, Дејтонскиот мировен договор ја институционализираше недовербата и соперништвото помеѓу етникумите, наместо да негува национално единство. Во суштина, етничкиот идентитет станува единствена карта за успех на индивидуата во неговото политичко функционирање.

Она што го прави Дејтонскиот мировен договор неодржлив во овој аспект е тоа што централната власт, Федерацијата и Република Српска, сите имаат свој претседател, влада, парламент, полиција, армија и други јавни институции. Стотици министри и јавни функционери извршуваат слични задачи, блокирајќи се и опструирајќи се едни со други. Дополнително прашање произлегува од именувањето на српскиот ентитет во Босна и Херцеговина како *Република* Српска. Значењето на овој збор на босански/српски/хрватски е „република“, а зборот република го користат само независните земји, како што се Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора, Словенија, Косово итн. Користењето на зборот Република во Дејтонскиот мировен договор и дозволувањето на ентитетите да имаат свои армии, засебен однос со соседни држави и одделни меѓународни претставници и канцеларии едни од други, силно го поткопува формалното единство на државата и нејзиниот суверенитет.

22 J Ker-Lindsay, “Twenty Years After Dayton: Bosnia-Herzegovina (Still) Stable and Explosive”in *Nationalities Papers*, Vol. 44, No. 6, 2016.
23 Sharp, “Dayton Report Card”
24 I.H. Daalder, and Froman, M.B. “Dayton’s incomplete peace”: 109

Во однос на долготрајноста, Дејтонскиот мировен договор создава проблеми и во доминацијата на етно-националистичка политика во која нема вклучување на малцинствата, што се огледува во случајот Сејдиќ и Финци. Анексот 4 на Дејтонскиот мировен договор гарантира највисоко ниво на меѓународно признати човекови права и основни слободи, главно со директна примена и надмоќ на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи над секое домашно законодавство. Меѓутоа, овие одредби беа во директна колизија со одредбата која гарантира претседателско место во Претседателството на БиХ само за секоја од трите етнички групи – Србите, Хрватите и Бошњаците. На другите малцински групи не им беше дозволено да се кандидираат за функцијата. Ова ја создаде дилемата која се појави во случај пред Европскиот суд за човекови права, именуван по двајцата апликанти Дерво Сејдиќ и Јакоб Финци, на кои, бидејќи се Ром и Евреин, не им беше дозволено да се кандидираат за функцијата Член на Претседателството.[25] Всушност, ниту еден граѓанин кој припаѓа на друга етничка група освен конститутивните три етнички групи, не може да стане член на Претседателството на Босна и Херцеговина. Дискриминацијата на помалите етнички малцинства и ограничените активни и пасивни гласачки права се дополнителни слаби точки кои произлегуваат од етничкиот пристап. И иако ЕСЧП пресуди во корист на апликантите уште во 2009 година, промени на Уставот не се возможни поради опструкциите на трите „привилегирани" конститутивни народи. [26]

Конечно, недостатокот на јавна безбедност во Босна и Херцеговина е често истакнувано прашање, поради присуството на џихадистички мрежи, распространетата и сеприсутна корупција и елитистичките политички и бизнис конгломерати. Дејтонскиот мировен договор бараше целосно повлекување на странските борци од целата територија на БиХ за триесет дена откако силите за имплементација на НАТО (ИФОР) ќе бидат на терен. Сепак, „голем дел од тие луѓе останаа, и покрај ветувањата од босанската страна".[27] Многу автори со право ја истакнуваат војната во БиХ како главна точка на влез на Балканот за вахабистичките тенденции – и милитантната и теолошката.[28] На тој начин, бранот на исламистичкиот радикализам имаше двостран ефект: од една страна

25 Целосниот текст на пресудата може да се прочита на http://hudoc.echr.coe.int/sites/eng/pages/search.aspx?i=001-96491#{«itemid»:[«001-96491»]}, пристапено на 1 ноември, 2024.

26 Детална анализа на ефектите од пресудата може да се види кај S Bardutzky, "The Strasbourg Court on the Dayton Constitution: Judgment in the case of *Sejdić and Finci* v. *Bosnia and Herzegovina*, 22 December 2009" *European Constitutional Law Review*, Vol. 6, 2010: 309-333

27 R Holbrooke, *To End a War*.: 321

28 J. C. Antúnez, "Wahhabism in Bosnia-Herzegovina: Its Links with International Terrorism."EuropeNews. http://europenews.dk/en/node/14165, 2014, пристапено на 14 декември 2024, F. A. Gerges, *Journey of the Jihadist: Inside Muslim Militancy*. Orlando, Fla.: Harcourt, 2006.

Босна стана инкубатор за меѓународниот тероризам и фатах во Европа. Од друга, постои страв дека остатоците од милитантите се способни да го оштетат кревкиот државен систем во БиХ.[29] Овие мали групи исламски радикали имаат модус операнди што ги направи озлогласени при крвавите терористички напади и етнички војни во државата, во Европа, но и пошироко.[30]

Во однос на стандардот за имплементација за трансформација на односите, спроведувањето на политичките реформи и проблемот со условеноста во функционирањето на босанската политика ги попречуваат обидите за суштинско помирување. Додека воената трансформација и ангажман во Босна и Херцеговина беа детални и организирани, цивилните аспекти беа премногу генерички, без строги клаузули за спроведување. Во декември 1995 година, меѓународните сили почнаа да се движат во Босна, според одредбите на Анекс 1-А од ДМД, со кој НАТО беше дадена целосна контрола врз воената активност во државата. Додека ИФОР имаше „лесен, непречен влез“, беше непријателски да се имплементира кој било невоен дел од ДМД.[31]

Од своја страна, поделбата на власта и мултиетничката администрација е суштината на принципите за демократизација во Босна и Херцеговина по Дејтон. Сржта на овој концепт беше „децентрализацијата на политичката моќ и обезбедувањето безбедност на сите етнички групи со цел да се заштитат нивните витални интереси“.[32]

Цивилниот дел го сочинуваше најкомплексниот и најсложениот елемент на договорот, вклучувајќи економска реконструкција, воспоставување политички институции, спроведување на човековите права и одржување на избори. Анекс 10 ја воспостави функцијата висок претставник на Обединетите нации за да ги координира активностите на меѓународните институции и да ги олесни напорите на потписниците на договорот. Високиот претставник е номиниран од Управниот одбор на Советот за спроведување на мирот, а назначувањето е потврдено од Советот за безбедност на ОН. Советот за спроведување на договорот во Босна и Херцеговина се состои од 55 земји и организации. Членовите на Управниот одбор ги сочинуваат Франција, Италија, Јапонија, Канада, Германија, Русија, САД,

29 C Deliso, *The coming Balkan caliphate: the threat of radical Islam to Europe and the West.* Westport, Conn.: Praeger Security International, 2007: 4, W. Phares, *The confrontation : winning the war against future jihad.* New York: Palgrave Macmillan, 2008: 174

30 Дел од лицата кои го извршија нападот на клучни државни и стопански субјекти во САД во 11 септември 2001, патуваа со пасоши на БиХ, иако се смета дека никогаш не биле на територија на државата. Дополнително, многубројни странски борци во т. н. Исламска држава потекнуваа од територијата на БиХ. Државјани на БиХ се сметаа за одговорни во терористички напади во Франција, Италија, Германија и на други места.

31 R Holbrooke, *To End a War*.: 324

32 D Chandler, *Bosnia: faking democracy after Dayton.*:66

ОК, Претседателството на ЕУ, Европската комисија и Организацијата за исламска соработка. Високиот претставник има плејада одговорности кои вклучуваа: следење и спроведување на договорот, промовирање на усогласеноста на босанските претставници со цивилните аспекти на договорот, учество на состаноци на донатори, олеснување на споровите во судската сфера итн.[33]

Дејтонскиот договор ја овласти Канцеларијата на високиот претставник да го надгледува почитувањето на Договорот и да наметнува одлуки кога локалните актери не дејствуваат. Сепак, тоа се случи дури две години по потпишувањето на Дејтонскиот договор, со одлуките на Управниот одбор на Советот во Бон.[34] Ова отвори прашања за рамнотежата помеѓу државниот суверенитет и меѓународниот правен надзор, кој е во постојан судир.[35] Оттука, јасна станува постојаната критика дека „вонредните овластувања доделени на Високиот претставник ја одразуваат недовербата на меѓународната заедница во способноста на Босна самостојно да ги спроведува одредбите на Дејтон".[36]

Во таа смисла, Босна и Херцеговина се смета за „светска престолнина на интервенционизмот".[37] Сепак, и покрај работата на многубројните меѓународни организации, владините институции во Босна и Херцеговина, вклучително и многубројни министерства и различни јавни тела не се ефикасни или самоодрживи. Наметнатите стандарди за демократизација само ја пролонгираат суштинската зависност на Босна и Херцеговина од нејзините меѓународни партнери кои постојано се повикани да интервенираат.

Во смисла на имплементација, за цивилните власти на почетокот постоеја и многубројни логистички проблеми. Според Холбрук, тие немале речиси никакви средства или начин да ги снабдат своите канцеларии со телефони, персонал или инфраструктура.[38] Затоа и настана значително заостанување во спроведувањето, што му наштети на решавањето на основните причини за конфликтот.
Поради доцнењето во спроведувањето, мандатот на меѓународната преодна администрација беше продолжен на неодредено време од првично договорената една година, а јазот кој беше воспоставен помеѓу разрешувањето на воениот

33 D Chandler, *Bosnia: faking democracy after Dayton.*:50
34 Види Канцеларија на високиот претставник, Заклучоци на Советот за имплементација на мирот во Бон, 10 декември 1997 година, дел XI
35 Екстензивна анализа на уставноправните прашања и судирот помеѓу одлуките на високиот претставник, Уставот на Босна и Херцеговина и прашањата на човековите права нуди Мислењето на Венецијанската комисија, CDL-AD (2005) 004 од 11 март 2005
36 Daalder and Froman, "Dayton's incomplete peace": 112
37 Jenkins in D Chandler, *Bosnia : faking democracy after Dayton.*: 2
38 R Holbrooke, *To End a War.*: 324

конфликт и пролонгирањето на цивилниот мировен корпус прашања, само се зголемуваше.

Во насока на општествените динамики, некои автори се задржуваат и на економските и општествените прашања кои како своја цел си ги предвиде Дејтонскиот мировен договор. Далдер и Фроман тврдат дека Договорот ја занемарил важноста на создавање обединета економска рамка, која е од клучно значење за обновата на државните институции и поттикнувањето на мирот. „Дејтон не успеа да се справи со економската интеграција неопходна за кохезивна држава, што дополнително ја комплицира правната и политичката фрагментација на Босна“.[39]

## УЛОГАТА НА ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР“ НА БАЛКАНОТ

Значењето на работата на фондацијата „Конрад Аденауер“ првенствено се огледува во периодот во кој постојат канцелариите во Скопје и на Балканот воопшто. Оваа 2025 година, македонската канцеларија на КАС го прославува својот 25-годишен јубилеј, додека канцелариите на Балканот одбележуваат и до 30 години присуство. Според јавно декларираната мисија, фондацијата „Конрад Аденауер“ „е посветена на мирот, слободата и правдата на национално и на меѓународно ниво преку политичко образование.“[40] Во таа насока, канцеларијата ја промовира либералната економија и европските вредности. Преку своите активности на полето на меѓународната соработка, КАС се залага за слободен и достоинствен живот на луѓето по сопствено убедување.

Преку остварени повеќе од 200 проекти во повеќе од 120 земји низ светот, Фондацијата има силен сопствен придонес во развојот на демократијата, владеењето на правото и социјалната пазарна економија. Со цел зајакнување на мирот и слободата, во таа насока, активностите на Фондацијата го поддржуваат и дијалогот во областа на надворешната и безбедносната политика, како и дијалогот меѓу различните култури и религии.[41] Овие аспекти на работата на фондацијата „Конрад Аденауер“, во голема мера се значајни за поствоениот период и ефектите и резултатите од Дејтонскиот мировен договор.

39 I Daalder and Froman, “Dayton’s incomplete peace”: 110
40 Канцеларија на КАС, https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/za-nas, пристапено на 12.03.2025
41 https://www.kas.de/bs/web/bosnien-herzegowina/o-nama

Канцеларијата на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Босна и Херцеговина беше отворена, како една од првите канцеларии на Балканот, во февруари 1997 година. До крајот на 2000 година, оваа канцеларија ги координираше и активностите во Хрватска, Србија и Црна Гора, а од 2001 година, канцеларијата на КАС во Босна и Херцеговина е исклучиво одговорна за проектните активности во БиХ. Во партнерство со многубројни национални и меѓународни партнерски организации во регионот ги обликува и координира своите програми во согласност со потребите и барањата на босанската јавност.

Во врска со клучните проблеми поврзани со владеењето на правото, високи претставници на КАС во Босна и Херцеговина, со години ги анализираат аспектите на недостатокот на напредок во владеењето на правото, застојот во евроинтеграциите и малиот простор за севкупен демократски општествен прогрес. Во таа насока, Свен Петке коментира дека „за разлика од соседните земји, кои секако напредуваат на патот кон ЕУ, Босна и Херцеговина постигна малку. Најголем проблем е отсуството на владеење на правото или потребата за градење на добро функционирање и доверливо владеење на правото.“[42] Петке во овој коментар анализира и дека државата сепак има многу силна поддршка која ја добива од меѓународната заедница. Во други анализи на КАС се анализираат и аспектите на Дејтонскиот мировен договор. Во таа насока, Петке анализира дека „Дејтонскиот мировен договор сѐ уште е основа на политичкиот систем, иако не е трајно решение. Дефицитите го вклучуваат неуспехот да се спроведе пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случајот Сејдиќ/Финци против Босна и Херцеговина од декември 2009 година.“[43]

Скорешен коментар на Штефан Грегор Рабе, новиот директор на КАС во Босна и Херцеговина, ги анализираше најновите случувања во државата – кога на 26 февруари 2025 година, Судот на БиХ го осуди претседателот на Република Српска, Милорад Додик, на една година затвор (или парична казна) и изрече шестгодишна забрана за политичка активност поради непочитување на одлуките на високиот претставник на меѓународната заедница, Кристијан Шмид. Реакцијата на Додик на пресудата ја доведе Босна и Херцеговина во државна криза. Авторот анализира дека првостепената пресуда на Судот на БиХ претставува „правно појаснување во институционален спор и затоа е од фундаментално значење за БиХ“, во насока на признавањето на авторитетот на високиот претставник и

42 „Return of democracy?“, Sven Petke, Konrad-Adenauer-Stiftung e.V., Länderbericht, јуни 2020
43 „Bosnia and Herzegovina – a special country“, Sven Petke, Konrad-Adenauer-Stiftung e.V., Länderbericht, јануари 2020

на Уставниот суд на БиХ.[44] Важноста, и во таа смисла, опасноста на овој случај кој се анализира во коментарот, е и во изјавите на Додик дека ваквата пресуда претставува „смртна казна за Босна и Херцеговина“, која беше надополнета со закана за радикални мерки, вклучително и повлекување од Дејтонскиот договор.

Важноста на ангажманот на фондацијата „Конрад Аденауер“ во регионот, се огледува и во фактот дека Кристијан Шмит (висок претставник и поранешен германски министер за земјоделство), зборуваше на „Форумот Аденауер Европа“ на фондацијата „Конрад Аденауер“ во Сараево и разговараше за различни прашања со учесници од политиката и општеството во БиХ и меѓународната заедница. Шмит, како што е анализирано, „ја истакна фундаменталната важност од прифаќање на поредок заснован на правила, и во националната и во меѓунационалната сфера. Заеднички договорените правила, устав, институции и закони мора да бидат прифатени од сите и не смеат еднострано да се доведуваат во прашање или прекршуваат.“[45]Анализата заклучува и дека БиХ се „соочува со турбулентен период во кој процесот на пристапување во ЕУ може дополнително да се одложи, па дури и да се спречи, на штета особено на помладата генерација, чија иднина е загрозена.“[46]

## ЗАКЛУЧОК

Анализата и квалификациите за успешноста на Дејтонскиот мировен договор, во и надвор од Босна и Херцеговина, драматично се разликуваат. За хрватскиот народ и политичари кои живеат во БиХ, тој е недоволно инклузивен, асимилаторски и ригиден. Некои хрватски автори го нарекуваат и – „договор кој гледа назад“.[47] За претставниците на српскиот народ во Република Српска, тој е договор, кој и покрај сите маани, ја донесе во живот „Републиката“, додека за Бошњаците, тој е недоволно интегративен, децентрализирајќи ја унитарноста на државата. Оттука и заклучоците за иднината се разликуваат во зависност од етничката припадност, но сепак не премногу. Може да се смета заеднички ставот дека политиката во БиХ во постдејтонскиот период во голема мера е политика на продолжување на војната со други средства. Пехар смета дека „многу поверојатно е дека Босна ќе продолжи политички да вегетира во состојба на постдејтонската војна, во флуиден и во

44 „State Crisis in Bosnia and Herzegovina“,Stephan Georg RaabeKonrad-Adenauer-Stiftung e.V., Country report Bosnia and Herzegovina, 3 март 2025

45 Ibid.

46 Ibid.

47 D Pehar, *Peace as war: Bosnia-Herzegovina post-Dayton*. Budapest: Central European University Press, 2022: 43.

неизвесен контекст, кој во голема мера едноставно го одразува и карактерот на предмодерните заедници и неморалната реалполитика на големите сили.“[48]

За оние пообјективните кои се запознаени со босанскиот случај, една синтагма можеби најдобро ги објаснува состојбите – „Дејтон донесе мир, но Дејтон донесе и хаос.“[49] Беше јасно уште на 20-годишнината од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, дека тој ја има надминато својата употребна вредност. Првенствено, затоа што оформи политички систем во кој ентитетите се со поголеми и посилни надлежности од централната власт. Ова, според Думел, е основната причина за сето она што не е во ред со националната и меѓународната политика на земјата: слаба држава и силни ентитети, кои не сакаат или не успеваат целосно да ги спроведат одлуките донесени на државно ниво. Овие ентитети сега носат свои закони, водат понекогаш дијаметрално спротивна политика и одржуваат свои посебни административни апарати веќе дваесет години, без централна координација.

Во случај да не се најде заедничко решение и уставот остане нереформиран, според многубројни автори, земјата ќе биде изложена на ризик од зголемени етнички тензии, опаѓање на економијата и континуирано фрагментирана влада. Денес, десет години по ваквите написи, Босна и Херцеговина, за жал, јасно се наоѓа во фрагментиран политички безизлез. Иако патиштата за преговори за членство на земјата во Европската Унија се отвораат со одлуките од 2024 година, сепак, Дејтонскиот мировен договор (а со тоа Уставот) мора да претрпи промени. Во спротивност, останува ризикот БиХ во секој момент да се врати кон целосна политичка фрагментација, социо-економска стагнација и губење на основните карактеристики на самостојна, суверена, независна и единствена држава.

48 Ibid: 41
49 KDümmel, “Positives and Negatives: Dayton Peace Agreement 20 Years On”, KAS International Reports 8, 2015: 40

## Користена литература:


1. Ahrens, G. H. *Diplomacy on the Edge: Containment of Ethnic Conflict and the Minorities Working Group of the Conferences on Yugoslavia.* Washington, D.C.: Woodrow Wilson Center Press, 2007.
2. Antúnez, Juan Carlos. (2014). "Wahhabism in Bosnia-Herzegovina: Its Links with International Terrorism." EuropeNews. http://europenews.dk/en/node/14165 , пристапено на 3 декември, 2024.
3. Bardutzky, S "The Strasbourg Court on the Dayton Constitution: Judgment in the case of *Sejdić and Finci* v. *Bosnia and Herzegovina*, 22 December 2009" *European Constitutional Law Review*, Vol. 6, 2010, pp 309-333
4. Bass, W. "The triage of Dayton". *Foreign Affairs*. 77(5). 1998. doi:10.2307/20049053.
5. Bercovitch, Jacob, Houston, Allison. "Why do they do it like this?". *The Journal of Conflict Resolution*. April 2000. ProQuest.
6. Chandler, D. *Bosnia: faking democracy after Dayton.* London: Pluto Press, 1999.
7. Chollet, D., and Samantha Power. *The Unquiet American.* New York: Public Affairs, 2011.
8. Hopmann, P. T., *The negotiation process and the resolution of international conflicts.* Columbia, S.C.: University of South Carolina Press, 1996.
9. Clinton, Bill. "Ending the Bosnian War: The Personal Story of the President of the United States" in *The Role of Intelligence and Political Leadership in Ending the Bosnian War*. 2013. https://www.cia.gov/library/publications/historical-collection-publications/bosnia-intelligence-and-the-clinton-presidency/Clinton_Bosnia_Booklet.pdf
10. Cousens, E. M, & Cater, C. K. *Toward peace in Bosnia : implementing the Dayton accords.* Boulder, Colo.: Lynne Rienner Publishers, 2001.
11. Curran, D, Sebenius, J K., Watkins, M. "Two Paths to Peace: Contrasting George Mitchell in Northern Ireland with Richard Holbrooke in Bosnia–Herzegovina". *Negotiation Journal.* October, 2004. Blackwell Publishing.
12. Daalder, Ivo H., and Froman, Robert L. "Dayton's Incomplete Peace." *Foreign Affairs*, vol. 78, no. 6, November/December 1999.
13. Deliso, C. *The coming Balkan caliphate : the threat of radical Islam to Europe and the West.* Westport, Conn.: Praeger Security International, 2007.
14. Holbrooke, Richard C., *To End a War.* New York: Random House, 1998.
15. Jović, D., "Bitka za etnički status u postjugoslovenskim drţavama". *Političke analize,* br. 5, 2011.
16. Ker-Lindsay, J. "Twenty Years After Dayton: Bosnia-Herzegovina (Still) Stable and Explosive." In *Nationalities Papers*, Vol. 44, No. 6, 2016.
17. Leydesdorff, S. and Kay Richardson. *Surviving the Bosnian Genocide.* Bloomington, IN: Indiana University Press, 2011.
18. Miller, L. and Aucoin, L. *Framing the state in times of transition: Case studies in Constitution making*. Washington, D.C: United States Institute of Peace Press, 2010

19. Pehar D, *Peace as war: Bosnia-Herzegovina post-Dayton*. Budapest: Central European University Press, 2022

20. Radio Free Europe. "Richard Holbrooke, U.S. Diplomat And Architect Of Dayton Peace Accords, Dies At 69", http://www.rferl.org/content/richard_holbrooke_dies_/2247460.html пристапено на 6 декември 2024.

21. Sharp, J. "Dayton Report Card." *International Security*, vol. 22, no. 3, Winter 1997.

22. Slona, J. "The dayton peace agreement: Human rights guarantees and their implementation", *European Journal of International Law*, 7(2), 1996. doi:10.1093/oxfordjournals.ejil.a015510.

23. Touval, S. "Coercive Mediation on the Road to Dayton" in *International Negotiation.* Hague, The Netherlands: Kluwer Law International, 1996.

24. Touval, S., and I. William Zartman. *International Mediation In Theory and Practice.* Boulder, Colo.: Westview Press, 1985.

25. Watkins, M., and Rosegrant, Susane. *Getting to Dayton: Negotiating an end to the war in Bosnia*. Harvard Business School Case 1-800-134. Boston: Harvard Business School Publishing, 1999

26. Widner, J., "Constitution Writing in Post-conflict Settings: An Overview", *49 Wm. & Mary L. Rev. 1513* on http://scholarship.law.wm.edu/wmlr/vol49/iss4/16, пристапено на 7 февруари 2024.